**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Четириесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 12 јануари 2009 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господин Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа по Четириесетта седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Љубисав Иванов Ѕинго, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Даут Реџепи Славица Грковска Лошкова, Томе Чинговски, Радмила Шекеринска, Имер Селмани, Фијат Цаноски Али Ахмети, Хисен Џемаили,Фазли Велиу, Ајрула Мисими и Теута Арифи ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве потсетувам по барање на пратениците од опозицијата, седницата за пратенички прашања свикана за 25 декември 2008 година, беше прекината и одложена за денес, поради службено отсуство на претседателот на Владата на Република Македонија.

На седницата на 25 декември 2008 година пратеникот Андреј Петров постави две прашања до претседателот на Владата. На првото прашање одговори заменикот на претседателот на Владата Ивица Боцевски, по што седницата беше прекината.

Го молам пратеникот Андреј Петров, повторно да ги постави пратеничките прашања.

Има збор пратеникот Андреј Петров, повелете.

**Андреј Петров:** Благодарам претседателе,

Почитувани претставници на Владата најпрво бидејќи сум прв пратеник кој во новата година поставува прашање, да ви ја честитам Новата година и да ви посакам здравје и успех на вас и на фамилиите. Се разбира, нема да ви посакам успех на изборите, меѓутоа на граѓаните на Македонија ќе им посакам фер и демократски избори.

Првото прашање го упатувам до претседателот на Владата.

Што презема Владата да се спроведат фер и демократски избори во март 2009 година.

Сакам да истакнам дека дел од актите кои беа до сега, дел се завршени. Собранието на Република Македонија го намали цензусот и постапи по забелешките на ОБСЕ и ОДХР на 40%, што се избегнува еден од факторите кој може да предизвика нерегуларности во изборите.

Исто така загрижувачки треба да се земе предвид Извештајот на Советот за радиодифузија, кој го добивме непосредно пред крајот на минатата година, во кој се истакнува дека ќе цитирам: сумирањето на податоците за сите анализирани медиуми се покажа дека радиодифузерите генерално не успеаја да ги испочитуваат законските обврски за правично избалансирано и непристрасно одвивање на изборите во нивната севкупна програма. Вкупната програма посветена на изборите, мал број од нив се придржувале кон регулативите. Фактот што постојат медиуми кои го испочитуваат тоа, покажува дека тој принцип не е ниту нереален ниту недостижен.

Понатаму, во извештајот она што медиумите го најавуваат, Основниот суд Тетово сеуште нема реализација на предметите на оние кои се товарат за тешки дела направени во текот на претходните избори. Фактот што веќе се наближува година дена укажува дека многу посериозно треба да се настапува од сите институции. Меѓутоа, сепак, исто така Државната изборна комисија пред некој ден, од изјавата на претседателот на Државната изборна комисија укажува дека ќе поднесе прекршочна пријава против оние кои предвремено ја започнале кампањата. Ние го охрабруваме тоа да го направи. Меѓутоа, од пресудна важност е како сите институции кои се под контрола, кои се дел од Владата ќе дејствуваат во овој правец и кои ќе бидат оние мерки, пред се, превентивни кои ќе бидат преземени, имајќи предвид дека и многу официјални претставници на Владата во своите изјави кажуваат дека за Македонија оваа година постојат три услови: избори, избори и избори, за визна либерализација и за нашето пристапување кон Европската унија. Затоа би сакал да слушнам одговор кои се мерките што Владата ќе ги преземе за да гарантира дека изборите ќе бидат такви какви што очекуваме.

Второто прашање исто така го упатувам до претседателот на Владата, како се можни и на што се должат различните проекции помеѓу Народната банка на Република Македонија и Владата за економската политика за 2009 година. Се поставува прашањето каква е соработката помеѓу овие две институции и дали тие користат и се повикуваат на исти податоци.

Само за аргументација, Народната банка излегува со податоци дека инфлацијата ќе се движи од 2,2% до 3,4%. Владата излегува со ставка од 3,5%.

Според Народната банка, сепак таа ќе се задржи на долната граница, имајќи ги предвид цените на нафтата и храната и се очекува дека нема да растат во наредниот период.

Исто така, кога се работи за растот, имаме различни бројки од 3 до 4,4% според Народната банка, 5,5% е проекцијата на Владата на растот. Некои други институции имаат сите различни податоци 4,6% Европската комисија ММФ 5%, Виенскиот институт 3%. Значи, Владата излегува со една оптимистичка прогноза. Го слушав во едно новогодишно интервју вицепремиерот Ставрески кој беше доста реален и кажа дека дури оние очекувања во делот на странските инвестиции од 500 милиони кои се предвидени ќе

го трпат влијанието од светската криза од која земјата не може да биде заобиколена.

Дискутабилно е дали овој раст кој се темели пред се, на градежништвото и на земјоделието во проекциите ќе биде таков каков што очекуваме, затоа јавноста треба да знае на што се должат и кои се аргументите за вака различни податоци од две клиучни институции, како што се Владата на Република Македонија и Народната банка на Република Македонија.

Моето трето прашање го упатувам до министерот за здравство.

Има ли македонското здравство воопшто реформски концепт, господине министре. Ќе го аргументирам тоа со примери. Голем број на раководители на здравствените институции и други личности кои се занимаваат со оваа проблематика укажуваат дека здравството нема основни средства, а ние таму инсталираме камери. Аргументацијата која ја чув од еден од владините претставници дека ќе се инвестираат оваа година 40 милиони евра во здравството, а само 100 илјади евра ќе чинат камерите. Сепак тоа не држи, бидејќи тука не се работи само за прашање на средствата кои се трошат, се работи за приватноста на пациентите, приватноста на лекарите, медицинските сестри и сите оние кои работат во здравствените институции.

Исто така, во ситуација сме да имаме нови комјутери, а немаме итна медицинска помош во 5 од 10-те најголеми општини во Македонија.

Се поставува прашањето, ако имаме случаи како што гледавмем пред некој ден жени на минус 15 степени да ни се породуваат во сред град на снег, се поставува прашањето што е приоритетот. За што ние треба да се решиме како приоритет, што е приоритетот на Министерството за здравство во оваа насока. Или во медиумите гледаме една кампања сите жени на гинеколог, па потоа тоа се сведува само во Прилеп и во Гостивар ќе се прави пилот проект со кој ќе се предвиди пап тес. Нема потреба да се прави пилот проект за нешто што е докажано. Треба да се прави тоа, треба да се опфатат сите жени и тоа е нешто за која треба да се понуди начин, методологија како ќе се спроведе и како ќе се опфати целата популација.

Директорот на Фондот за здравство, кого лично го ценам многу излезе со еден став околу ДИЕРЏИ, околу плаќањето по услугите, значи, тој има став дека тоа треба да се спроведе, голем дел од здравствените институции укажуваат дека тоа не треба да се спроведе. Дека тоа директно ќе се одрази на квалитетот на услугите, затоа што зголемувањето на бројот на пациентите, да се исполнат оние квоти, со кои треба да се заслужат средствата кои ги префрла Министерството за здравство, ќе се одрази директно на квалитетот на услугите. Меѓутоа, исто така, неговата изјава дека некои директори на здравствени институции земале плата повеќе од 200 илјади денари на кои им верувам и точно е, луѓето кои работат во здравствените институции тоа го знаат, мене и како пратеник и како човек ми пречи некој да има поголема плата од претседателот на Републиката, премиерот и претседателот на Собранието зедно. Ако тоа беше реформата на раздвојувањето на Клиничкиот центар, мислам дека тоа не ги постигна ефектите.

На крајот, да го резимирам прашањето, се однесува на следното: Имате ли концепт, ги знаете ли приотитетите кои се. Значи, за поздравување е тоа што се санирани долговите во болниците и во Фондот за здравство, меѓутоа, инвестициите во здравството треба да нудат развојна перспектива, но пред се, да овозможат здравствена заштита во моментот на населението. Затоа, помеѓу дилемата дали е подобро да се инвестира во камери, па дел од медиумите ни кажуваат дека се потребни кодши кои ќе ги ангажира министерот, кои ќе ги следат тие камери, покрај тоа што верувам дека вие имате направено регулатива која ќе го регулира тој дел, сепак, не можеме ние да веруваме дека тие луѓе ќе бидат идеални и дека дел од тие податоци, особено за различни болести кои се деликатни, болести на зависност, сексуално преносливи болести, каде што луѓето не треба да ги откриваат дел од своите интимни работи пред сите, а потенцијална опасност постои, која ви е шансата еден човек да биде изложен непромислено на судот на јавноста, заради нешто што се прави во болниците, бидејќи со инсталирање на камери во други институции е различно од инсталирањето камери во здравството, бидејќи се работи за една специфична проблематика и бидејќи се работи за една работа која не трпи многу јавност, ако сакате така да кажам, секаде во светот дискрецијата помеѓу здравствените работници и пациентите е нешто што се смета за врвен приоритет и демократска придобивка на општеството. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Пред да продолжиме понатаму по одговорот на прашањето на господинот Андреј Петров има процедурално господинот Зимбери Абедин, повелете.

**Абедин Зимбери:** Почитуван претседателе, почитуван премиер, почитувани министри, колеги пратеници,

Јас сакам да упатам прашање до претседателот на Парламентот, бидејќи ние навреме се јавивме да поставуваме прашања до нашите министри, но минатиот пат не бевме на списокот на тие кои ќе поставуваат прашања, но се надевам и овој пат не сме на тој список. Поставувам прашање зошто се случува тоа и се губи правото ние како пратеници да поставуваме прашања во однос на проблемите кои ги засегаат нашите граѓани. Ова прашање ви го упатувам вас почитуван претседателе и да ми одговорите поради што се случува ова и зошто не сме на списокот за поставување прашања.

**Трајко Вељаноски:** Добро, ќе ви одговорам.

Согласно Деловникот, членот 40 став 1 пратениците за поставување пратенички прашања, писмено го известуваат претседателот на Собранието 24 часа пред одржување на седницата. Тоа вие го направивте односно вие, господинот Имер Селмани и господинот Сулејман Рушити. Но согласно член 40 ставот 2, редоследот на поставување на пратенички прашања, го утврдува претседателот на Собранието во договор со координаторите на пратеничките групи, на начин кој ќе обезбеди пратенички прашања да поставуваат пратеници од различни пратенички групи.

Инаку, вие за потсетување, не сте пратеничка група и тоа е судбината некогаш на пратениците, членови на пратеничка група, или не се на пратеничка група. Инаку, од ваша страна Имер Селмани по редоследот на поставување на пратенички прашања е 15-ти и денеска ќе го постави пратеничкото прашање. Благодарам.

Одговор на првото поставено прашање пратеничко прашање на господинот Андреј Петров ќе одговори претседателот на Владата на Република Македонија, господинот Груевски Никола, повелете.

**Никола Груевски:** Благодарам за прашањето.

Првото прашање беше што презема Владата да се спроведат фер и демократски избори, после инцидентите што се случија на 1 јуни.

Како што знаете, за време на тие инциденти на 1 јуни, Владата, односно институциите на државата реагираа максимално брзо со веднаш преземање на акција од страна на Министерство за внатрешни работи кон прекршителите на законот и голем дел од тие лица беа приведени, огромен дел од лицата што беа приведени беа изнесени пред судот, односно Обвинителството побара да бидат изнесени пред судот. Значи Министерство за внатрешни работи ги проследи до Обвинителството, Обвинителството до судот и за почнаа судски процеси во добар дел, во еден значаен дел тие судски процеси завршија со донесување на судска одлука, меѓутоа, исто така во еден голем дел судските процеси продолжуваат и сеуште траат и јас се надевам дека во што поскоро време ќе завршат и тоа е една од обврските што ги има судството навремено да ги завршува процесите. Покрај ова, како што се сеќавате, Државната изборна комисија донесе Одлука за прогласување на оние места каде што имаше инциденти, што беше јасна порака до сите оние кои што беа инволвирани во инцидентите дека на таков начин нема да можат да дојдат до гласови, односно дека доколку има такви ситуациитие ќе бидат поништени и ќе има ново гласање. Веднаш по тој ден беа започнати и други работи, беа започнати анализи на извештајот на ОБСЕ и по анализите Владата пристапи кон подготовка на измени на Законот за избори, кои што измени ги споделивме и со опозицијата, со меѓународната заедница, добивме повеќе мислења од повеќе стручни и експертски тимови, така што на крајот, како што знаете неодамна дојде до една поголема измена на Законот за избори да се спречат понатамошните такви случувања. Тие измени содржат повеќе работи, тие ви се познати, зашто поминаа тука во Парламентот и беа колку што се сеќавам, едногласно прифатени од страна на Парламентот и верувам дека тие измени ќе придонесат во значајна мера да не се повторат некои од нерегуларностите што се појавија во еден дел во државата во тој период.

Исто така, Владата пристапи во насока на обезбедување на успешни избори, пристапи и кон промена на Уставот и за тоа беше побарана поддршка од опозицијата и со заеднички сили како што се сеќавате неодамна, дојде и до измена на Уставот со намалување на цензусот во вториот круг од 50 на 40% што не ја елиминира целосно, меѓутоа, го намалува ризикот од неуспешни избори во вториот круг.

Покрај ова, Владата и Министерство за внатрешни работи веќе усвоија акционен план на Министерство за внатрешни работи за настап на следните избори што беше претходно и дискутирано со претставници од меѓународната заедница, а во подготовка е таканаречен безбедносен план во тој поглед, така што се преземаат сите потребни мерки што една Влада би можела да ги преземе на следните избори да не се повторат оние инциденти кои се појавија на дел од територијата на Република Македонија. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот, односно дали сака да постави дополнително прашање.

Има збор господинот Петров Андреј, повелете.

**Андреј Петров:** Благодарам претседателе.

Го слушнав образложението на премиерот, мислам дека нашето задоволство или незадоволство од ова прашање ќе го искажеме по одржувањето на изборите. Јас се надевам дека институциите ќе ги преземат сите мерки, бидејќи се работи за многу сериозно прашање кое директно влијае на иднината на граѓаните на Република Македонија, особено ако се земе предвид дека тие прекршители кои минатиот пат ги направија прекршоците не беа било кои, тоа беа полицајци, претседатели, членови и заменици членови претседатели на избирачки одбори, што дава уште поголема сериозност на целото ова прашање. Јас се надевам дека институциите и Владата ќе го спроведат она што премиерот го најави и дека на следните избори граѓаните ќе можат фер, демократски и слободно да гласаат. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Со оглед на тоа дека нема дополнително пратеничко прашање по однос на второто пратеничко прашање одговор ќе добиеме од претседателот на Владата на Република Македонија господинот Груевски Никола, повелете.

**Никола Груевски:** Благодарам и за ова прашање кое што од прилика беше на што се должат различните проекции на Централната банка на Народна банка на Република Македонија и на Владата, во делот на инфалиција, во делот на растот итн. наведовте параметри кои што се различни.

Мое мислење е дека овие разлики се должат пред се на светската економска криза која што е ситуација која што не се случува најмалку 80 години претходно и веројатно заради цврстата промена на многу настани во светот и различните погледи на некои од настаните, односно проекциите на настаните доаѓа до вакви различни бројки. Инаку, да ви кажам дека е во многу држави ја имаме истата ситуација каде што има од различни институции различни проекции, од едноставна причина што ова сега се случува во светот никогаш претходно не се случило или барем не се случило во минативе 80 години. Од тие причини се јавуваат различни гледишта како ќе се движат настаните во следниот период и сосема нормално се јавуваат и различни проекции. Да речеме во Хрватска во моментов има 4 различни проекции. Во Бугарија има исто така различни проекции, во Македонија исто така има различни проекции, така што главната причина за тоа е практично светската економска криза и можните последици односно различните гледишта за можните последици на таа криза, колку таа ќе влијае, колку нема да влијае, до кој степен, до кој период ќе трае, кога ќе почнува да завршува итн.

Инаку, за ваша информација инфлацијата во месец декември споредено декември-декември е 4,1%, значи онака како што во првата половина во годината Владата даде проекција кога таа дојде до височини околу 10%.

Тогаш рековме според нашите проекции до крајот на годината ќе се спушти под 5% и навистина во декември 2008 -декември 2007 гледано имаме под 5% односно 4,1%, а околу различните толкувања за инфлацијата за следната година дали ќе биде 2,2% или 3,5%, навистина во една ваква сложена светска економска криза која со децении немало во светот, навистина е тешко да се каже кој ќе биде во право. Дури може да ни се случи да влеземе во дефлација, има и таква опасност, така што неблагодарно е навистина да се застане цврсто зад било која проекција, проекциите ги прават стручни тимови и на база на тие проекции понатаму се работи, меѓутоа и се следат настаните и доколку има евентуални нови моменти, се корегираат тие проекции. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Дали пратеникот Андреј Петров е задоволен од одговорот или сака да постави дополнително пратеничко прашање, повелете.

**Андреј Петров:** Благодарам претседателе.

Генерално сум задоволен, сакам само да кажам да не ни се случи ако за претходната година не можеше никој да предвиди дека ќе се случи глобалната криза, ако претходно беше, да кажам, проектирана инфлацијата на 3, па потоа на 5, па на крајот на годината завршивме или би требало да биде околу 8,3, за оваа година сепак можеби треба еден многу пореалистичен приод, бидејќи од самото она што го кажува премиерот доколку инфлацијата биде ниска, тоа е инфлаторен приход во Буџетот, ќе се намалува и Буџетот ќе треба да се кастри за оние приходи кои во Буџетот претпоставено биле да дојдат, меѓутоа нема да стигнат.

Затоа во проекциите веројатно ќе следи, проекциите се тие, ќе следи ребаланс, но секогаш е подобро пообјективно работите да се поставаат отколку да се оди со една амбициозна проекција која понатаму ќе испадне неостварлива, меѓутоа не задоволува коментарот дека ете и во други земји во соседството особено во нашиот регион, има различни бројки во овој момент во проекциите помеѓу централните банки и државата. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

По однос на третото прашање одговор ќе добиете од министерот за здравство, повелете.

**Бујар Османи:** Благодарам претседателе.

Благодарам на прашањето од господинот Андреј Петров и благодарам за можноста да го образложам концептот на Министерството за здравство во наредниот период и работата во претходните 4 -5 месеци од мандатот.

Секторот за здравство е еден од најпроблематичните сектори насекаде во светот, меѓутоа и во Република Македонија, а причините за тоа се бројни. Тоа е сектор кој бара постојано подобрување и адаптација поради различни фактори од демогравски аспект, различни епидемиолошки фактори, но и медицински фактори, животниот век постојано расне, медицинската технологија се развива и треба здравствениот систем постојано да се прилагодува на новите промени што се случуваат.

Министерството за здравство во претходниот период ги има детектирано сите проблеми во здравството, имаме точна стратегија и точен концепт што треба да се направи, нормално дека не можат сите проблеми во здравството да се решат во еден ден, но битно е дека има точен концепт и точна агенда како да се решат тие проблеми.

Јас можам да зборувам за втората половина од последната година од кога јас раководам со Министерството за здравство и сметам дека во фокусот на политиката на Министерството за здравство беше токму јавно здравствениот аспект како еден нов концепт во решавање на здравствените проблеми, а особено фокусот на Министерството за здравство во превенцијата на болестите односно спречување на болестите и заради тоа ги интензивиравме токму тие кампањи кои вие ги спомнавте за рана детекција на рак на грлото на матката и за рак на дојката. Истите кампањи кои се доброволни и ги опфаќаат сите

неосигурани жени, бидејќи осигураните жени веќе имаат право на бесплатен пап тест, продолжуваат и во наредните години, тоа што го правиме оваа година е да направиме систематски скрининг односно да ги евидентираме сите жени со цел да бидат повикани на тој превентивен преглед за спречување на рак на грлото на матката и ракот на дојката.

Во однос на другите акции кои Министерството за здравство и Владата ги презеде во претходниот период, вие спомнавте исплаќање на долгови.

Сметам дека тоа е акција или настан без преседан во историјата на здравството во Република Македонија, меѓутоа и во регионот. Владата одлучи да издвои 1.200.000.000,00 денари со кои се исплатија сите долгови на јавните здравствени установи, долгови кои беа акумулирани во целиот период на транзиција во претходните 18 години и постојано беа причина односно опструкција за нормалното функционирање на болниците односно беа причина за блокирани сметки, за недоволни инвестиции и едноставно ненормално функционирање на болниците.

Сметам дека со оваа мерка со која од 1 јануари 2009 година сите болници, сите здравствени домови, едноставно сите јавни здравствени установи во Република Македонија имаат нула долгови е одлична основа за почнување на функционирање на новиот систем на калкулација на буџетите на болниците односно ДРЏ системот за добро менаџирање и нормално функционирање на здравствените установи. Пак ќе кажам дека сум оптимист, дека 2009 година ќе биде историска во делот на здравството токму во делот на реализирање на тие големи проекти кои, повторно ќе кажам, се без преседан во здравството во Македонија, а тоа е проектот за реконструкција на најголемиот дел од болниците во државата во вредност од околу 45 милиони евра, значи реконструкција на 35 останати болници, на градба на осум нови болници, целосна реконструкција со што болниците ќе добијат нов европски лик, а исто така и големиот проект за набавка на современа дијагностичка опрема со цел подобрување на квалитетот на здравствената заштита.

Знаете дека реализираат дел од тој проект во вредност од 10 милиони евра набавуваме најсовремени апарати за ренген дијагностика кој веќе се дистрибуира во здравствените установи, како и најсовремени апарати за биохемиски анализи, лабораторија со капацитет од 500 анализи на час кои не се видени во јавното здравство во претходниот период. Исто така и други инвестиции кои се случија во претходниот период и кои се планираат во идната година.

Вие го спомнавте системот ДРЏ, тоа е современ начин на калкулирање на буџетите со што се подобрува менаџирањето, отчетноста, но и се дава стимул на болниците за подобар квалитет на здравствената услуга што ја пружаат. Нормално е да има несогласување помеѓу побарувањата на самите болници и можностите што ги има Фондот, бидејќи во состојба на ограничен буџет, секогаш е најбитна добрата алокација на средствата односно утврдувањето на приоритетите во јавните здравствени установи.

Направени се сите подготовки за успешно функционирање на ДРЏ системот кој во светот се покажа како успешен модел односно успешна форма на калкулирање на буџетите на болниците. Секако ќе се земат предвид и сугестиите на самите болници, самите директори во однос на утврдување на цената.

Во однос на видео мониторингот, тоа е мал дел од мерките кои ги презема Министерството за здравство односно Владата на Република Македонија со цел да се подобри ефикасноста на услугите што ги даваат јавните здравствени установи, тоа е модел кој не е измислен во Македонија, туку се користи во најголемиот дел од развиените земји во светот и Западна Европа со цел да се детектираат тесните грла во здравството односно да се детектираат проблемите со цел навремено да се реагира на нив. Нормално дека се преземени сите мерки со цел да се спречи евентуална злоупотреба на тие записи што секако е регулирано во Правилникот кој е направен во соработка со Агенцијата за заштита на личните податоци и сметам дека се додека Агенцијата како најкомпетентна, како најповикана не реагира, мислам дека сите други коментари се паушални и имаат други мотиви.

Во однос на итната медицинска помош ние успеавме за последните 4 месеци да направиме стратегија за итната медицинска помош со што веќе се менува концептот на предхоспиталната и хоспиталната ургентна нега односно од седумте постојни екипи кои ги има во Република Македонија веќе ќе пораснат на 25 нови екипи со дворедниот систем на медицински екипи со доктор и без доктор, со што ќе се покриваат сите јавни здравствени установи и воведување на т.н. реални мобили кои ќе бидат всушност мобилни одделенија за интензивна нега кои ќе бидат во служба на пациентите кои имаат потреба од итна медицинска помош, а исто така се реорганизира целиот систем на ургентна медицина со воведување на триредниот систем односно покривање на сите населени места со ургентни центри од трет ред, потоа 8 регионални центри од делот на секундарното здравство и на врвот на пирамидата ургентниот клинички центар кој ќе се гради во Скопје. Се надевам дека ќе почне во 2009 година на местото на старата зграда на Гинекологија која веќе во јуни планираме да ја префрлиме во новата современа зграда на Клиниката за гинекологија и акушерство која пет години работите на доградба на таа болница беа во застој се додека Владата не одвои 200 милиони денари кои се префрлија на Клиниката за гинекологија и веќе интензивно се работи на таа Клиника и верувам дека во јуни ќе биде една современа болница каде ќе се смести новата апаратура која ја набавуваме и ќе почне да

функционира, пак ќе кажам, верувам во јуни 2009 година.

Значи, точно се детектирани проблемите, направена е стратегијата, направена е агендата и резултатите, вие ќе бидете сведок на тие резултати. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Дали пратеникот Андреј Петров е задоволен од одговорот или сака да постави дополнително пратеничко прашање?

Има збор господинот Андреј Петров, повелете.

**Андреј Петров:** Благодарам претседателе.

Министерот се обиде да образложи дел од оние забелешки кои ги поставив во моето пратеничко прашање, притоа сакам да се осврнам на некои од неговите коментари и да поставам едно дополнително прашање.

Евидентно е дека нашето здравство се наоѓа во тешки услови, голем дел од извештаите кажуваат кои се релативно објективни дека се наоѓаме на претпоследното место по квалитетот на здравствената заштита во Европа, што е сериозна работа на која треба сериозно да се делува во годините кои следат да се исправи.

Дека плаќањето плус по извршени услуги ќе биде нешто што ќе воведе ред во работата, дај Боже да биде така, меѓутоа, гледајќи ја структурата на одредени плаќања кои се предвидени каде што, да речеме, за една циркунцизија се предвидува повеќе средства од хипертензија или слични работи создава дилема кај оние луѓе кои ја работеле таа проблематика како ќе се одвиваат настаните.

Она што сакам да го поставам како може да зборуваме дека имаме концепт ако имаме неколку тела кои покриваат иста проблематика. Тоа ќе го илустрирам со најновото решение на министерот за воведување на Комитет за европско здравје кој ќе биде од 7 члена, најголем дел од нив веројатно ќе бидат хонорарно ангажирани од надвор, а во исто време имаме Сектор во самото Министерство за здравство кој ја покрива таа работа, имаме проектна единица за реформи во здравството која сериозно работи долги години на овој проект, значи имаме серија институции кои се дуплираат. Кое ќе биде релевантното мислење, кој ќе биде тој кој ќе го креира, бидејќи службите ги подготвуваат документите, министерот и Владата спроведуваат политика, тие ќе бидат креаторите на оние документи за реформи кои треба да се случуваат.

Значи, формираме уште една институција под покровителство на Министерството која треба да дава ставови и мислења, а имаме институции кои претходно соработувале и на проектната единица на Светската банка и во рамките на самото Министерство кои го потикнувале процесот на европска интеграција кој се однесува на делот на здравството.

Што е логиката да се формира таков нов комитет, кои ќе бидат предностите кои тоа ќе ги даде и колку тоа ќе го оптовари Буџетот на Министерството за здравство. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Дали министерот за здравство на дополнителното прашање ќе одговори усно или писмено?

Повелете министре.

**Бујар Османи:** Благодарам претседателе.

Тоа беа всушност три потпрашања.

Во однос на анализата што ја има направено Шветската агенција за индикаторите односно квалитетот на здравствените услуги што ги пружаат јавните здравствени установи во Република Македонија тоа е дел од една компаративна анализа во која се анализирани само земјите на Европската унија и трите земји кандидати за Европската унија и тоа Хрватска, Турција и Република Македонија и каде се внесени 30 индикатори за успешност на јавните здравствени установи во кои Македонија зазема 27 место што значи 27 место во светот по однос на квалитатот на здравствени услуги што ги даваат, меѓутоа, самите организатори на таа анализа кажуваат дека од вкупно 30 некаде 17 индикатори или повеќе за Македонија ги немало, бидејќи не се доставени податоците во претходниот период така што сметам дека не е многу релевантна по однос на Македонија и самите констатираат во извештајот дека извештајот за Македонија е потценет.

Во оснос на одредени цени што ги спомнавте, сметам дека постојаната употреба на циркунцизијата е тенденцијозна и мислам дека може да навредува одредена категорија на граѓани во Република Македонија, а во однос на Комитетот за здравство, тоа е советодавно тело кое министерот го формира според членот 32 од Законот за здравствена заштита и е дел од начинот на кој министерот смета дека најдобро ќе ги менаџира проблемите во здравството. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За поставување на пратеничко прашање има збор пратеникот госпоѓа Димеска Катерина, повелете.

**Катерина Димеска:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван премиер, вицепремиер, почитувани пратеставници на Владата.

Пред да ги поставам моите пратенички прашања јас би сакала да посакам успешна 2009 година за Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија и се разбира граѓаните на Република Македонија.

Моето прво пратеничко прашање упатено е до министерот за финансии и тоа гласи:

Почитуван министер,

Секојдневно слушаме како Централната банка во светот ги менува каматните стапки. Пред извесно време прочитавме дека главниот економист на ММФ препорачува Централната банка да ги

намали каматните стапки уште повеќе, дури да се приближат до нула. Ова е малку чудно да се слушне од ММФ кои барем кај нас се познати по тоа дека треба да се затегне економската политика и фискалната и монетарната.

Очигледно состојбите во светот драматично ги менуваат и нивните погледи.

Како ги коментирате овие светски трендови споредбено со состојбите во Македонија. Народната банка како да работи спротивно на оваа светска пракса, кај нас гледаме дека банките ги зголемуваат каматните стапки по налог на гувернерот Гошев.

Што може Владата на Република Македонија да направи и дали има простор и во Македонија да се намалат каматните стапки на кредитите како за граѓаните, исто така и за компаниите.

Моето второ прашање исто така упатено до министерот за финансии.

Во последно време се погласни се шпекулациите од одредени кругови за девалвација на денарот. Во медиумите имаше натписи дека во менувачниците недостасуваат евра, што всушност создаваше паника кај граѓаните. Дали е оправдан овој страв и кој е мотивот на заговарачите за девалвација и дали постои реална опасност да дојде до тоа.

Моето трето прашање упатено до премиерот или вицепремиерот.

Заради импликациите од глобалната економска криза која се повеќе се споменува Владата на Република Македонија бурно ги следи овие состојби и уште во 2008 година предвиде превентивни мерки.

Би сакала да ве прашам, како овие превентивни мерки ќе се одразат врз стопанството, а уште повеќе што се однесува до мојата општина Прилеп како овие превентивни мерки кои Владата на Република Македонија ги предвиде уште во 2008 година би се одразиле врз стопанството во општина Прилеп. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

На првото прашање има одговор од министерот за финансии господинот Трајко Славески, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе, почитувани пратеници, благодарам почитуван пратеник за поставено прашање.

Ова е едно од најважните прашање кое е предмет на теоретски и практични дебати во последните неколку месеци.

Имено, земјите кои што имаат подолга монетарна историја се повикуваат на реакцијата на нивните централни банки во слични периоди, како што е периодот што настана со светската финансиска криза во последниве неколку месеци. За жал, Република Македонија не може да се повика на такво искуство, затоа што во триесетите години сме немале таква независна институција и не можеме да знаеме каква била реакцијата и какво биле ефектите од светската економска криза од триесетите години.

Но, сепак институциите во Република Македонија се раководат од актуелните околности и бараат соодветни одговори на предизвиците. Имено, вие сте во право, а тоа го знае и пошироката јавност не само експертите, дека она што сега се има случено во развиените економии, а особено во САД и во некои од европските економии помалку и повеќе, значи бекство кон ликвидност од страна на финансиските институции. Односно се кинат некои нормални синџири за финансирање на економската активност, што е предизвикано од неизвесноста што настана со светската економска криза.

Со едноставни зборово кажано доаѓаме до еден проблем, во кој што финансиските институции, барем оние што немаат проблеми со својата ликвидност, предизвикани од нормалното работење, не зборувам за финансиски институции што биле инволвирани во ризични аранажмани , од кои што изгубија значителни средства па мораа да ги спасуваат владите на нивните земји. Зборувам за финансиски институции што се фунадаментално здрави, банки, тие прибегнуваат кон ликвидност. Познато е дека банките можат да си го дозволата тој луксуз. Една банка може да “седи” на своите пари 3-6 месеци итн. , и тоа да го преживее, но прашање е дали тоа можат да го преживеат нивните клиенти, односно економските субјекти, претпријатијата.

Оттука, владите на земјите кои се зафатени со тој проблем, со овој феномен, а и централните банки интевенираат, интервенираат со буџетски средства, а централните банки интервенираат со драматично зглемување на понудата на пари. Само една илустрација, на билансот на системот на федалани резерви, Централната банка на САД во септември имаше 50 милијарди долари на ставката резерви. Тоа е парична маса со која што Централната банка им овозможува ликвидност на цнетралните банки. Таа сума е сега зглолемна за повеќе од 13-14 пати, што значи дека Централната банка прибегнала кон едно драматично зголемување на ликидноста во стопанството. И сеуште не е достигнат врвот, не е достигната балансот кога можат повтроно да заживее кредитираењет, затоа што беа замрзнати кредитините пазари.

Во таа насока, беше и симнувањето на примарната каматна стапка од системот на федералните резерви на САД и на централните банки во Европа. Знаете дека Банката на Англија пред една недела ја намали каматната стапка на 2,5 %, најниско каматно ниво во последните 300-350 години на оваа банкарска институција.

Состојбата во Република Македонија има некои сличности, но има и разлики. Кажавме дека нашите банки фундаментално се здрави фунадментално се ликвидни но, сепак беа почувствувани првите знаци на промена на нивната стратегија. Додека до пред 4-5 месеци

банките се бореа за максимализација на своите профити, сега и тие на некој начин се заинтересирани за што поголема ликвидност. Тоа може да се почувствува кај претпријатијата.

Оттука, ние сметаме дека Централната банка нема некоја голема причина да биде загрижена за вкупната макроекономска стабилност во Република Македонија и за девизниот курс, односно да не ја доведем економијата во сосотојб на преголема рестриктивна макроекономска политика. Затоа, не држат ниту кажувањата дека наводно фискалната политика е премногу експанзивна и оттука со своите рестрикции на тоа мора да одговори Централната банка.

Само да спомнам дека според првичните податоци, 2008 година ја завршивме со буџетски дефицит од 0,85% понизок од планираниот 1,5% и тоа во овие околности може да се смета како придонес во стабилноста во економијата во Република Македонија.

За разлика од некои тонови што тука беа презентирани, Министерство за финансии, односно претставникотна Владата и Централната банка имаат одлична комуникација. Повеќе од два пати месечно заседава Комитетот за координација на политиките: фискалната, монетарната и политиката на платниот биланс. Тоа значи дека ние сме координирани. Некои разлики за кои објасни премиерот, за стапките на инфлација, проекциите итн. на растот и слично секако дека се природни во една ваква неизвесна состојба.

Оттука сметаме дека не постојат некои фундаментални причини каматните стапки во Република Македонија да растат. Напротив и тука околностите се такви што тие ако не се задржат на постојното ниво барем можат да стануваат малку и порелаксирани, затоа што и во иднина и буџетската политика ќе биде координирана со политиката на Централната банка да се обезбеди не само макроекономската стабилност, туку да се обезбеди и стапката на раст во македонската економија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот, односно дали сака постави дополнително пратеничко прашање.

Има збор госпоѓа Димеска Катерина, повелете.

**Катерина Димеска:** Благодарам претседателе.

Јас можам само да се заблагодарам на министерот за исцрпното образложение по однос на моето прашање. Од неговиот одговор јас сум задоволна. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

По однос на второто прашање пак има одговор од министерот за финансии господинот Трајко Славески, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

За разлика од некои, разлика можам да речам, разлики можеби во проекциите со другите институции кои што се носители на економската политика во Република Македонија, во овој случај Централната банка, тука е општо познато дека имаме сосема идентични ставови, дека не постојат ниту причини, ниту некоја посебна потреба за корекција на девизниот курс на националната валута во Република Македонија, односно она што некои го нарекуваат девалвација.

Имено, познато е дека пред неколку години во Република Македонија од време на време во бранови од некои интересни групи се наметнуваше ова прашање. Тоа и причинуваше штета на државата затоа што,сепак, влијае на определени субјекти во стопанството, на претпријатија и во домаќинства кои што на тој начин, со предизвиканата неизвеност може да донесат некои одлуки од аспект на своето штедење, инвестирање итн.

Сега исто така во последно време од некои кругови доаѓаат такви, наводно, навестувања што се сосема ирационални. Значи, кога велам дека не постои некоја фундентална причина упатувам на фактот на усогласеноста на монетарната и фискалната политика во Република Македонија за која што претходно спомнав, за нивото на девизните резерви што до сега воопшто не било загрозено и постигнатата макроекономска стабилснот.

Причина за девалвација може да биде подолгорочната разлика помеѓу домашната стапка на инфалција и она што се постигнува во земји со кои што на некој начин е врзана националната валута. Познато е дека, а тоа беше и констатирано од страна на пратеници од опозицијата, во наредниот период се очекува или се очекуваат многу ниски стапки на инфлација во Република Македонија и тие ќе бидат повторно, како што имавме во изминатите неколку години, приближно барем до нивото на она штосе остварува во земјите членки членки на европската монетарна унија, што го користат еврото.

Понатаму, кога велам дека не постои никаква потреба, мислам на фактот дека евентуална девалвација, доколку е свесно направена и посакувана би предизвикала поголема штета отколку корост. Затоа што голем дел од обрските ина прeпријатијата и на домаќинствата со години се не некој начин номинирани и во странска валута, во еврото.

Оттука, оние кои псакуваат девалвација, за среќа денеска не го прават тоа од комерцијални мотиви. Во минатото имаше такви. Туку, девалвацијата ја наметнуваат оние кои сакаат дестабилизација на македонската економија.

Во една можност, а тоа ќе го кажам и сега, ќе искристам една мисла, можеби не е најпогодна, но важна е мислата, не кој ја кажал, на Ленин, кој има кажано дека ако сакате да уништите една земја, една економија, тргнете од нејзината валута.

Владата на Република Македонија, Централната банка ги имаат сите механизми да ја заштитат вредноста на македонскиот денар, односно нема да дозволат подривање на националната валута, нејзината вредност, а со тоа и подрувње и на македонската економија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот, односно дали сака постави дополнително пратеничко прашање.

Има збор госпоѓа Димеска Катерина, повелете.

**Катерина Димеска:** Благодарам претседателе.

Ценам, од она што го слушнавме од минисерто за финансии со оглед на она што значеше страв кај граѓаните на Република Македонија и реакции од нивна страна и по однос на искажувањето дека се има идентичен став по однос на ова прашање и од Централната банка и од Владата на Република Македонија, ценам дека исцрпноста на одговорот е задоволителна и сум задоволно од министерот за финансии. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

По однос на третото одговор од претседателот на Владата на Република Македонија, господинот Никола Груевски, повелете.

**Никола Груевски**: Благодарам на прашањето кое што од прилика беше како првентивните мерки на Владата за ублажување на последиците од светската економска криза ќе се одразат во македонското стопанство особено во Прилеп.

Ќе напомнам дека Владата, уште на почетокот, откако започнаа сериозните пробелми во светската економија, тргнувајќи од Америка кон Европа итн. почна да размислува и прави анализи за преземање на мерки што би го ублажиле влијанието на реалниот сектор во Република Македонија: на индустријата, на трговијата, рударството итн.

Од таа гледна точка, по неколку неделно размислување, дискусија, консултации со повеќе експерти и внатре во Владата и надвор од Владата, комуникација и со стопанските комори итн., дојдовме до констатација дека треба да се превземат десетина мерки што ќе стапат на сила од 1 јануари, веќе се стапени, ќе дадат еден ефект врз економијата што, нема да ја спречат, но до некаде ќе ја ублажат оваа криза, што ниту една држава не успеа да ја спречи, дури и најмоќните и најсилните држави не се во можност да ја спречат ваквата економска криз, но сите или барем голем дел од нив се обидуваат со некакви мерки да ја ублажат. Се разбира, во носењето на овие мерки, следевме што се случи во другите држави. Кои држави преземаат мерки, кои не преземаат. Оние кои преземаат, кои мерки преземаат, дали тие може и кај нас да се преземат или не може да се преземат.

Во секој случај, донесовме мерки што очекуваме дека ќе имаат едно влијаните да се ублажи кризата и тоа се мерки што се значајни. Да речеме некои од нив се од таков карактер што и откако ќе помине кризата ќе бидат знајчајни и ќе имаат занчаен удел и подршка на македонската економија. Да кажеме нераспределената добивка. Донесовме Закон, го предложивем до Парламентот, Парламентот го прифати, со што во иднина, тргнувајќи од 1 јануари оваа година, сите компани што ќе остварат добивка, незевисно дали со домашен или странски капитал, секоја компанија што ќе оствари добивка и ќе донесе одлука да не ја распредели таа добивка најчесто во дивиденда, таа се ослободува од плаќање на данок на добивка.

Практично, за огромен број компании во Македонија оваа мерка ќе значи ослободување од данокот на дибивка и претпоставка е дека еден значаен дел на компани во Македонија ќе ја искористат оваа можност, ќе донесат одлука да не ја распределат, да ја чуваат дибивката за некои идни вермиња, можеби за некое идно реинвестирање и за одржување на поголема ликвидност или за штедење итн., тоа е нивна работа. Во секој случај, само е доволно да се распредели и тоа ќе биде доволно да не се плаќа данок, да се избегне плаќањето на данок на добивка од 10%.

Ваква мерка до сега беше воведена само во Естонија и затоа беше позната како естонски модел. Таму, во годините кога се воведе даде одлични резултати уште на почетокот на воведувањето, во првите години, бројот на странски инвестиции и износото на странски инвеститори значително се зголеми, што меѓу другото во значителна мера се темелеше на една ваква мерка што на крупните инвеститори им овозможуваќе можност да не платат данок на добивка.

Се разбира дека ова ќе има сериозни буџетски импликации. Ние тоа го планиравме. Приходите во Буџетот, во минатите години беа над 6 милијарди денари од делот на данок на дибивка, така што се разбира овде ќе има намалување. Но, во секој случај ќе биде едно значајно олеснување на македонската економија и во периодот на кризата и потоа. Затоа што мерката не важи само во периодот на кризата. Таа е за секогаш, додека не се смени. Оваа мерка ќе беше донесена дури и да не се појавеше кризата, затоа што оваа мерка е навистина корисна за македонската економија и за македонските претријатија. Таа е директна заштеда на парите што треба да се платат во Буџетот, на државата како данок и заштеда нивна во самите компании. Тие компани со тие пари можат да расплагаат. Да инвестираат, да отвораат нови фабрики, нови погони, а со тоа нови работни места.

Секогаш кога државата може да го ослободи капиталот, да остане кај приватниот сектор е многу подобро распределен и тие најдобро ќе знаат да го распределат отколку тоа да го прави Владата односно државата откако ќе ги прибере средствата.

Втора значајна мерка што верувам ќе има сериозно влијание на економијата е

намалувањето на царините за сировините и за репроматеријалите, вклучувајќи ги суровините во текстилот, во металургијата итн., што сигурно ќе имаат влијание на профитабилноста на компаниите и на нивната конкуретност, особено во овие моменти кога тие се под значаен притисок за откажување на нарачките и во едни такви моменти сигурно дека понуда на поефтин производ, а поефтин ќе дојде од таму што ќе имаат поефтини сировини и поефтини репроматеријали затоа што се намалува царината на сировините и репроматеријалите што се увезуваат, ќе им овозможи една поголема конкурентност на некои од нив, што се една таква мерка ќе можат да станат поконкуретни и каде што, воопшто, конкуретноста ќе дојде во прашање. Затоа што има компани кои што ги намалуваат нарачките, независно од цената што ќе ја понудат, бидејќи побарувачката на пазарот во Европа е значајно намалена и во такви ситуации цената и не игра кој знае каква улога, но во многу ситуации игра улога. И во тие ситуации кои што игра, тоа ќе биде една значајна помош.

Трета важна работа е отписот на заостанати долгови за здравствено осигурување. Има многу компании во Македонија што имаат голем број вработени, некои од нив и по 500, по 1000, по 2000 вработени, кои што компании работат, земаат плати, меѓутоа имаат заостанати долгови по здравствено осигурување во подолг период. И за овие компании предвидовме законска можност доколку во наредните 4 години редовно си го сервисираат долгот по 4 години тој да им се смета за отпишан. Значи, на некој начин им се замрзнува за 4 години, се следи нивното плаќање. Доколку тоа плаќање е редовно, после 4 години, законски заостанатиот долг што бил до 31.12.2008 година се смета за отпишан, односно не треба веќе да го плаќа. Тоа е една значајна помош и растоварување на компаниите, затоа што овие долгови ги носеа компаниите на суд, па судот одредуваше мерки за наплата, што дополонително ги оптоваруваа овие компании што не се токлу силни но сепак, доколку на вакова начин им се помогне бо можеле да опстојат.

Во една слична смисла е и мерката што значи отпис на каматата за пензиско осигурување и за даноците. Тоа значи дека компаниите што во наредните месеци ќе си ги платат основните долгови за пензиско осигурување и даноци, ќе им биде отпишана каматата. Можеби некој цени дека ова не е значајна мерка, но јас ќе ви кажам дека кај огромен дел од компаниите должници, кои имаат за поголем број години заостаната долгови, а има многу такви компании, а тоа се токму оние компании кои имаат многу вработени и ангажираат голема работна сила, каматата често пати е многу повисока од самиот основне долг. Оттука, гледано по тоа, практично имаме ситуација кога навистина со ова се дава една сериозна подршка на компаниите. Попрецизно кажано оние компании што во наредните 4 месеци ќе го платат заостанатиот долг за основна главница, на тие 100% ќе им се отпиштат каматите по пензиско осигурување, задолжувањата и по даноците, додека оние што во наредните 8 месеци ќе го платат ќе биде 70% итн., се намалува подоцна на 50%.

Значи, ова е една извонредна можност за компаниите каде што има со години неплатени основни главници на заостанат долг, да ги платат каматите кои што често пати се и повисоки од основните главници и да се растеретар во еден значаен дел.

Следна работа која што исто така е значајна за македонското стопаснтво и е во склоп со вашето прашање е отписот на камата, односно репрограмот на три години, односно 36 месеци на заостанати даноци со приложена гаранција, Значи до сега имаше таква можност која што беше на 12 месеци, сега во едни вакви услови на криза, во едни услови на меѓународен притисок врз нашата економија, заради кризата во другите држави овозможуваме до 36 месеци да може да се плаќаат се разбира со приложени гаранции заостанатите долгови кон државата, што исто така е една можност повеќе и подршка за македонската економија која што се соочува со таков вид на проблеми.

Една од мерките која што беше превземена е и пролонгирањето на Законот за платен промет кој што требаше да стапи на 1 јануари, и кој што на некој начин е позитивен, тој е добар, меѓутоа на некој начин затегнувајќи ги некои работи во македонската економија во една ваква кризна ситуација можеше да предизвика проблеми кај компаниите кои што имаат посериозни проблеми.

Следна работа исто така е кај земјоделието. Кај оние земјоделци кои имаат годишен приход до 5 илјади евра, дојде до ослободување од плаќање на персоналниот данок, практично тие нема да плаќаат персонален данок, а оние кои што имаат помеѓу 5 и 21 илајда евра годишен приход, ослободувањето со новите законски прописи кои што се во овој пакет за подршка на македонската економија во услови на светска економска криза и ублажување на поселдиците од таа криза во едни вакви услови, земјоделците кои што имаат приход од 5 до 21 илјада евра ќе бидат дури 80% ослободени од плаќање персонален данок, а само за 20% ќе платат. Тоа со пример може да се каже, ако имаат 10 илјади евра приход, тие на 8 илјади нема да плаќаат никаков данок, а на 2 илјади евра ќе платат само 10% персонален данок, што значи само 200 евра ќе платата, или ако е тоа 20 илајди приход само 400 евра. Со ова се воведе едно едноставно и пониско оданочување за земјоделците и една значајна помош која со години тие ја бараат, па еве во една ваква ситуација на криза ја добија оваа подршка. За споредба само ќе кажам дека ослободувањето беше 30%, а сега е 80%.

Една од клучните мерки која исто така Ќе помогне на македонската економија, на македонското стопанство е намалувањето на придонесите за една третина, придонесот за пензиско

осигурување, придонесот за здравствено осигурување и осигурување за вработување. Овие придонеси се намалуваат за една третина во периодот јануари 2009 - јануари 2011, значи дел по дел и тие ќе бидат значајно растоварување на компаниите кои со Закон имаат обврска да плаќаат придонеси и тие пари ќе си ги задржат во компаниите, со нив ќе можат да инвестираат во нови инвестиции или на некој начин ликвидносно или билокако да ја надминат надминат кризата со која ќе се соочат како последица од светската економск акриза.

Исто така, една од мерките е да се ослободи и данокот на камата на штедните влогови со цел да се стимулира штедењето и би рекол сите овие мерки што до сега ги кажав имаат влијание и во Прилеп, затоа што вие прашавте кое би било влијанието во Прилеп, а посебно една од мерките која се донесува на две крупни претпријатија во Прилеп кои се и со доминантен државен капитал и кои имаат на некој начин крупни долгови, а истовремено вработуваат многу луѓе и многу семејства се издржуваат работејки во тие фабрики. Се работи за Еурокомпозит и Тутунски комбинат-Прилеп. Покрај нив, мерката важи,односно законот е и за ОХИС и за ЕМО, станува збор за десетици милиони евра, станува збор за ситуација во која со закон Владата предложи нивните долгови кон државата кои се крупни, како што кажав десетици милиони евра, да се траснформираат во капитал и со тоа фирмите да се растоварат од долговите. Веројатно некои од нив ако се блокирани ќе се деблокираат за да можат нормално да работат и да се подготват за изнаоѓање на стратешки партнер. На тој начин се зголемува можноста да им се најде стратешки партнер, а истовремено им се помага во овие тешки ситуации да работат полесно и без толку сериозни тешкотии.

Тоа се од прилика работите што сакав да ги кажам поврзани со вашето прашање. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Дали пратеникот е задоволна од одговорот, односно дали сака да постави дополнително прашање?

**Катерина Димеска:** Благодарам претседателе.

Јас сакам искрено да се заблагодарам за исцрпното образложение на премиерот во однсо на моето рпашање, а што се однесува до она за двата големи капацитети во мојата општина кои беа спомнати, јас би сакала да упатам една искрена благодарност, затоа што нависитна се работи за голем број на луѓе што се ангажирани во овие две компании и овие мерки што се предвидени од Владата на Република Македонија и образложениeто кое што беше кажано од премиерот се разбира дека ќе овозможат овие компании да имаат олеснување околу нивното работење. Уште еднаш благодарам и од исцрпноста на одговорот јас сум задоволна.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Процедурално господинот Жерновски Андреј, повелете.

**Андреј Жерновски:** Почитуван претседателе, мора да покажете чувство кога има пратенички прашања јас како пратеник и било кој мој колега имаме десет минути за три прашања, а премиерот има 25 минути одговор на едно прашање. Знам дека е лесно да се одговара на подготвено прашање, да се оди на Гласот на народот, да се оди на наместени интервјуа, меѓутоа, мора во разговор со него да му кажете дека во ваков однос на распоредени минути на прашања и одговори се губи смислата и концептот на поставување пратеничко прашање, ве молам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Инаку, јас само да кажам, и јас и вие мора да го почитуваме Деловникот. Во Деловникот има ограничување за тој што поставува прашања, а нема ограничувања на тој што дава одговор. Мислам дека ние можеме да апелираме, но не само премиерот туку и министрите треба да водат сметка во однос на одговорите. Сепак тоа е нивно право до кој степен ќе одговараат на прашањето и колку минути ќе употребат за одговор на прашањето. Таков е Деловникот и додека е овој Деловник, мора да го почитувам.

Следниот за поставување пратеничко прашање е господинот Догани Бесим , повелете.

**Бесим Догани:** Добро е кога некој има да даде одговор, ама многу е лошо кога нема кој да даде одговор.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Во моменти кога Македонија се соочува со многу тешкотии, тешкотијата со економската криза која се дисперзира и во нашава земја, тешкотијата која Македонија ја има во однос на одалечувањето од Македонија катадневно од евро и атлантската интеграција, тешкотиите или проблемите кои ги има Македонија со оглед на тоа дека секојдневно се одалечува се повеќе од својот вистински мултиетнички карактер, ние се соочуваме со еден друг проблем, проблемот на несериозноста, проблемот на незаинтересираноста посебно на албанската партија на власт. Ова го видовме добро деновиве кога се расправаше во однос на Буџетот, кога се водеше расправа во однс на правата на Албанците, пратениците на ДУИ за чудо не беа присутни на тие седници. Пратениците на ДУИ беа присутни кога се кршеше начелото на Бадентер, кога се злоупотреби Бадинтер за да се гласа финансиски ексклузивни права само за Македонците. Денес се случува истото. Јас овде не го гледам човекот број еден на албанската партија на власт, заменикот премиер за Охридскиот рамковен договор, господинот Абдулаким Адеми. Лесно е да излезеш во медиумите да даде изјави, да се потрудиш да се залагаш да им ги затвориш очите и ушите на Албанците, но исто така тешко е да излезеш во Парламентот и да се соочиш со прашања и конкретни факти.

Во оваа прилика барам од премиерот, ако албанската партија на власт не е заинтересирана за Албанците, најмалку тој како премиер на сите граѓани да покаже заинтересираност за граѓаните и да побара неговите министри да бидат присутни најмалклу на седниците кога поставуваме прашања, не знам дали имаме комплетна Влада или има новина во Владата. Можеби имаме пола Влада присутна, бидејќи малку министри од ДУИ гледам присутни.

Почитувани, почитуван премиере, бидејќи вие сте сега на чело, заменикот премиер излезе синоќа и како секогаш, како често пати рече дека се вработени илајда Албанци во текот на 2008 година и рече дека ја зголемил застапеноста на Албанците во институциите, рече дека над 95% од Охридскиот договор е реализиран, рече многу други нешта кои немаат врска со реалноста. Пред извесно време рече и минситерот за одбрана дека Охридскиот рамковен договор во однсо на Министерството за одбрана е завршен, значи е реализиран 100%, додека ние знаеме и го отворивме како прашање работењето на стручните албански војници кои ги поминаа сите тестови и контроли, се донесе Одлука тие да се вработат, но никао не се вработија. Не знам зошто не добивме одговор во однос на тоа. Одговорот на министерот беше дека ќе се случи набрзо, бидејќи и тогаш како и денес заменикот премиер не беше присутен. Тој рече дека се вработени илјада Албанци, ние не знаеме дали се вработени, нормално дека не се вработени. Со оглед на тоа што тој секогаш вели дека податоците за имплементацијата на ова начело на Охридскиот договор ќе се затвори набрзо, но и ова се пролонгира. Еве, поминаа 6 месеци, немаме конкретни податоци за правичната и соодветна застапеност.

Во оваа прилика барам од вас или ако дојде заменикот премиер да ни даде точни податоци за тие илјада вработени кои ги вработиле во 2008 година, каде се вработени, на какво ниво се тие вработувања од стручен и хиерархиски аспект во институциите и по можност да ни даде со име и презиме на вработените. Нешто е јасно и тоа сите го знаеме, го читаме во весниците секој ден, над 300 Албанци се отпуштени од работа, многу други се деградирани бесправно. Имаме случаи во Управата за јавни приходи, случај со Фондот за здравство, случајот за труд и социјална политика, 47 Албанци добија подарок, новогодишен подарок, на 1 јануари се отпуштени од работа без причина, без образложение, Идризово, Домот на Култура во Гостивар каде за прв пат вработивме 11 Албанци, бидејќи Домот на Култура во Гостивар - како што и вие знаете Гостивар е населен со 90% Албанци - беше ексклузивно македонска институција, раководена од Македонец и 100% вработени Македонци. За прв пат ние го имплементиравме начелото на Охридскиот договор и сега 11-те вработени по желба на градоначалникот Невзат Бејта и неговите соработници се отпуштени со изговор дека тие биле членови на ДПА, а се Албанци, се стручни лица, вработени на соодветен начин. Да не говорам за деградираните, дали се подобри начелото за правичната застапеност на Албанците при отпуштање на сите началници и шефови во секторите на полицијата во Тетово, Гостивар, Дебар и на други места во Секторот за јавни приходи и т.н. Секаде каде што иамше раководители Албанци истите се заменуваат со Македонци. Можеби и ова е еден успех на заменикот премиер, кој можеби заборавил да го отслика ова негово постигнување.

Барам од вас конкретни податоци во однос на изјавите на заменикот премиер.

Второто прашање исто така е упатено на некој кој не е присутен да ми одговори, не е на семинари, на конференции каде што треба да биде. Наводно не го повикале, но и ова укажува на несериозност на министрите на партијата на власт и нивна незаинтересираност за нивните гласачи, за тие кои им го дадоа мандатот. Се говори за општина Тетово, се говори за министерот за локална самоуправа и неговите активности, кого го прашувам кои активности ги има преземено во врска со изградбата на Библиотеката во Тетово, проект кој е усвеоневе веќе две години, проект за кој општина Тетово односно градоначалникот на Тетово не можеше да го измени деталниот урбанистички план со оглед на тоа дека немал можности и овој проект се запоставува, средствата се реалоцираат каде некој искажал желба за тоа.

Вториот проект во Тетово беше џамијата во центарот на Тетово, која исто така поради урбанистичкиот план не се остварува, додека во местото каде што ние бевме дел од Владата предвидовме да се изгради олимписки базен, градоначалникот и општинскиот Совет немаа можност поради деталниот урбанистички план, но денес истиот градоначалник и истите советници на општина Тетово можат да го изменат урбанистичкиот детален план за изградба на една црква.

Господине премиер, почитувани пратеници, почитуван претседателе,

Реков сто пати дека ние не сме против цркви, не сме против идентитетот и сочувувањето на идентитетот на населението било во Скопје или во Тетово, но да речеш дека не можеш да го измениш деталниот урбанистички план за Библиотека или за џамии, не можеш да го измениш урбанистичкиот план за олимписки базен за младите Албанци во Тетово, а можеш да го измениш тој урбанистички план за црква, е малку проблематично. Но повторно минситерот за кој говорам не е присутен и сигурно дека ова прашање како многу други прашања ќе остане без одговор.

Уште еднаш ќе повторам, уште едно зло е тоа дека средства за овие проекти добро знаете се доделија, но истите средства се реалоцираа, се трошат на друго место и поради ова некој треба да сноси одговорност. Некој треба да ја сноси значи одговорноста. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Од ваша страна како што разбрав имате прашања. Првото прашање е до претседателот на Владата на Република Македонија, а второто прашање до министерот за локална самоуправа.

Во однос на првото прашање има збор господинот Груевски Никола, повелете.

**Никола Груевски:** Благодарам.

Во врска со првото прашање посветено на спроведувањето на Рамковниот договор претежно во делот на вработување на повеќе припадници на другите етнички заедници во државните институции согласно Рамковнио тдоговор, сакам да упатам на тоа дека Владата е прилично многу посветена на ова прашање и работи на исполнување на ова прашање. Во моментот не располагам со сите бројки, вие кажавте многу бројки и не можам точно да кажам колку и како се примени, меѓутоа, точно знам дека речиси на секоја седница на Влада разговараме за ова прашање, го следиме прогресот, исто така Абдулаким Адеми е многу посветен на ова прашање и отј ги има точните податоци. Денес заради оправдани причини тој не е тука, мжѓутоа, ве уверувам дека спроведувањето на Рамковнио тдоговор се следи со потребното внимание, доследно се почитува и има сериозен прогрес. За деталите ќе ве информираме во писмена форма.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Во однос на првото прашање ќе имате дополнително писмен одговор.

Во однос на второто прашање одговор ќе даде заменикот министер за локална самоуправа, повелете.

**Фарук Фератоски:** Благодарам претседателе.

Почитуваниот пратеник господинот Догани постави прашање, мислам дека поставеното прашање не е на место поставено. Мислам дека ингеренциите на локалната самоуправа и на Министерството за локална самоуправа во секој случај се имплементација на последните законски одредби за рамномерен регионален развој и спроведување на законот за локална самоуправа.

Споменатите прашања што се однесува до Библиотеката во Тетово, особено до промената на деталните урбанистички планови и особено на учеството на локалната самоуправа на Тетово, секако дека во доменот на Министерството за локална самоуправа немаме информации што се однесуваат по тие прашања. Меѓутоа, како обврска лично можам да ја превземам и во контакти со ресорните министерства во Владата, како што е Министерството за транспорт и врски, Министерството за култура во писмена форма да добие почитуваниот пратеник одговор.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

И во однос на второто прашање ќе има писмен одговор од страна на Министерството за локална самоуправа.

Следен за поставување пратенички прашања е господинот Андреј Жерновски.

**Андреј Жерновски:** Почитуван претседателе, го чекав премиерот половина месец, па ќе ве замолам да го повикате, бидејќи на него му се упатени прашањата.

На почетокот дозволете ми да им честитам Нова Година на граѓаните на Република Македонија, на новинарите кои што ревносно ја следат нашата работа и се разбира на Владата на Република Македонија да и посакам успешна работа.

Моето прашање е до пастирот и до лидерот на македонскиот народ, до тој кој што го сака својот народ и не се плаши од него, тој кој што е бесмртен и вечен негов лидер и водач. Господине пастиру, вие сте ми познат од ова Собрание. Вие пред две, две и пол години седевте овде на ова столче. Тогаш кога седевте на ова столче како прв опозиционер дискутиравте многу поинакви работи отколку тоа што сега го правите како премиер. Знаете како дојдовте на власт господине Груевски? Не затоа што зборувавте за економија, од четири дискусии за буџетот на една дискутиравте, не затоа што зборувавте за НАТО и за Европската унија. Дојдовте на власт затоа што ја напаѓавте коалицијата на СДСМ и ЛДП со терористите од ДУИ, затоа што ја напаѓавте, ве цитирам вас, коалицијата со злосторникот Али Ахмети, затоа што направивме коалиција со, ваш цитат: предавниците, односно ние бевме предавници затоа што направивме коалиција до ДУИ. И сега многу интересно. Рековте на крај, дека кога ќе дојдете на власт сите од тие злосторници ќе ги стигне заслужената казна. Во ред. Тркалото се сврти, судбината ви овозможи благодарејќи на политиката вие да одлучувате за нивната судбина, односно да одлучувате што ќе правите со тие така наречени терористи. Одеднаш каква промена. Десет метри има од тука до ова столче, сега вашата активност на тоа поле не можеме никако да ја видиме. Што гледаме? Прво, да ви кажам дека никогаш не сум бил етно политичар, никогаш не сум гледал ниту јас, ниту ЛДП да профитира на етничките теми.

Почитуван премиер, имало периоди кога многу полесно се судеа, исто така и се апсеа албански политичари во Република Македонија, многу повеќе отколку македонските политичари. Тогаш, бев против и имав прес конференции. Денеска кога сте вие на власт се случува нешто сосема обратно. Денеска полесно се судат, се апсат македонски политичари, отколку оние албанските. И сега сум против, затоа што сум против селективниот пристап на ова прашање. Немате против да апсите и да судите поранешни лидери на опозицијата, да апсите и да судите сегашни лидери на опозицијата, немате ништо против да апсите и да судите поранешни премиери на Република Македонија. Меѓутоа, гледајте чудо. Четири месеци полицијата на вашиот прв братучед, не на министерката Јанкулоска, не може никако да го пронајде оној пратеник за кој што господинот позади мене,

претседателот на Собранието вели дека се јавил како оправдано отсутен. Најуспешната полиција која што работи 24 часа седум дена во неделата не може да го пронајде оној кој што се јавува овде и кој што си живее дома. Го измасакриравте судството во Република Македонија, благодарејќи на вашиот притисок имаме единствен пример во свет каде се укинува мерка притвор на човек кој што е во бегство.

Почитувани дами и господа, една од причините што се одредува мерка притвор е токму за да се спречи бегството.

Моето прво прашање до вас е, зошто четири месеци вие и вашата полиција не можете да го пронајдете господинот Џемаили. И дали се чувствувате одговорен за сето тоа?

Кога сме кај вашето патриотство, бидејќи бевте патриот во опозиција. Но, кога ќе дојдете на власт излегуваат сосема други работи.

Да зборуваме малку за примерот на ОКТА. Не одговоривте на обвинувањето на поранешниот министер господинот Јакимовски. Дозволете ми денес да ви поставам прашање.

На 6 август 2007 година изречена е пресуда за случајот ОКТА на Република Македонија на Арбитражниот суд во Париз во висина ни помалку, ни повеќе од 54 милиони долари плус камати. Сето тоа се случува во најголема мера, или ако сакате во точна мера од 17,3 милиони долари благодарејќи на “вашето интервентно писмо”, како поранешен тогашен министер за трговија, затоа  што повикувате на раскинување на договорот со Мамидакис. Тоа ваше писмо ги кошта граѓаните на Република Македонија 17,3 милиони долари. Непобитна директна инволвираност се пишаните траги кои што остануваат и кои што јас после ова ќе ги презентирам на македонската јавност, се разбира преку новинарите. Имате писмо на 16.11.1999 година каде што сте пратиле писмо до грчките купувачи на ОКТА со кои им сугерирате да го раскинат договорот меѓу скопската рафинерија и Мамидакис Џет Оил склучен 1993 година за редовно снабдување на Рафинеријата со нафта и истиот да го третираат како неповолен, а раскинувањето на договорот како виша сила. Тоа е ова писмо каде што долу е потпишан Никола Груевски, министер за трговија во Владата на Република Македонија. Ако сакате ќе ви го презентирам на вас за да и кажете на македонската јавност, дали сте тоа вие, или не. Понатаму, доказ дали поради тоа Македонија плаќа толкава сума, е пресудата на Арбитражниот суд во Париз и тоа ќе ви го презентирам, точка 420 каде што вели: и покрај неспорниот факт дека Република Македонија не била на страна од спорот пред англиските судови. Таа покажала интерес на резултатите од спорот со доставување на писмо до ОКТА на 16 ноември 1999 година преку министерот за трговија Никола Груевски за кое се вели дека ОКТА не е усогласена со договорот од истата година, 1993 година. Тоа господине Груевски не ви е доволно, па десет дена подоцна испраќате писмо на 26.11. каде што велите исто, дека со претходното писмо во ист стил уште еднаш експлицитно објаснувате дека тоа мора да се третира како виша сила. Овде исто колку што јас гледам пишува, министер за трговија и вашиот потпис, писмото број 2.

Прашањето кое што сега е многу интересно за вашиот патриотизам е следното. Одеднаш Никола Груевски се јавува како сведок пред истражниот суд во Париз и внимавајте што зборува. Еве го тоа писмо, повторно од вас, второ сведоштво од Никола Груевски. Она што е уште поинтересно е што вие во спорот со Мамидакис, Џет Оил пред Трговскиот суд во Лондон, изјавувате дека истиот договор ако продолжел да се спроведува би ни ги загрозило верувајте односите со Хеленик Петролеум и со Грчката влада. Значи, имаме министер кој што води сметка да не се оштети Грчката влада. Република Македонија, господине Груевски, тогаш ве бара десетина пати да се појавите како сведок пред Арбитражниот суд во Париз преку собранискиот телефон, оној што го имаме ние останатите 119 пратеници. На ниту еден не се појавувате. Одите да сведочите за грчката страна во Лондон, за македонската страна во Париз не одите. Јас можеби грешам, вие ќе кажете дали сте се појавиле.

Моето прашање е до вас почитуван господине премиер, дали вие спиете мирно навечер што ја оштетивте државната каса за 17,3 милиони долари и што знаете дека еден ден ќе одговарате во Република Македонија за тоа. Можеби не пред ова судство, затоа што знаеме што му правите вие на ова судство, но, еден ден ќе одговарате.

**Трајко Вељаноски:** Во однос на првото прашање кое што е поставено до Претседателот на Владата на Република Македонија може да има одговор од претседателот на Владата на Република Македонија, или од негов претставник.

Има збор господинот Никола Груевски, повелете.

**Никола Груевски:** Благодарам за прашањето на господинот Жерновски, за двете прашања. Прво, ќе одговорам на првото прашање.

Првото прашање беше поврзано со господинот Џемаили и трагањето на полицијата по него. Јас ќе кажам дека Владата на Република Македонија, Министерството за внатрешни работи не прави селективност кога се работи за одредени престапи во законот помеѓу Македонци, Албанци, Турци, Роми, Срби, Бошњаци, Власи, или некои други. Ние подеднакво постапуваме во сите ситуации во кои што имаме одредени сознанија дека има некаков криминал, или корупција, или заради нешто потребно е да се започне истрага, анализа, или евентуално Министерството за внатрешни работи да го извести Обвинителството за сторен прекршок. Во една таква ситуација сакам да ве убедам дека во никој случај и никогаш немало селективност, па ниту во овој случај и како и во многу случаи Министерството за внатрешни работи

постапувало совесно, трагајќи по сите личности за кои што има потреба, некогаш било побрзо поуспешно, некогаш било побавно поуспешно, меѓутоа секогаш се трудело максимално да го испочитува она што од него го бара Обвинителството, или судот, зависи кој му ги дава инструкциите и во каква ситуација. Така што сите инсинуации во правец дека некој некого штити, дека некој намерно не сме го нашле, или некој намерно сме го нашле, се работи кои што вие како опозиционен пратеник е нормално да ги поставувате. Меѓутоа, фактите се нешто друго, ситуацијата на теренот е нешто сосема друго. И граѓаните добро знаат дека во овој период барем оваа Влада откако е на власт ниту едни, ниту други штитела, или заштитувала и во никој случај и во никој правец немало таква работа.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот, односно дали сака да постави дополнително пратеничко прашање.

**Андреј Жерновски:** Лош, многу лош одговор. И го знаете тоа. Самите сте свесни и знаете дека одговорот е многу лош. Господине Груевски, уште еден доказ дека напротив многу селективно работите. За Хашкиот случај малтретирани мавровски работници има ниту помалку, ниту повеќе 22 обвинети. Полицијата засега не успеа да најде ниту еден од 20-тина обвинети и покрај тоа што тие не се кријат и редовно одат на работа. Знаете дека редовно одат на работа, гледате вести. Ви порачуваат преку телевизиските куќи, преку електронските медиуми дека одат на работа. Полицијата на министерката која што седи позади вас, односно поточно кажано на вашиот прв братучед не може да ги најде. Господинот кој што го споменав се јавува кај претседателот на Парламентот и му кажува дека е оправдано отсутен. Знаете за што се смеат во полиција, знаат дека платата ја вади преку банкомат како и сите ние. Знаете дека полицијата знае се, во секој момент каде е. Меѓутоа, внимавајте, вие рековте, вистината е како шило, врти лево, врти десно, еден ден ќе излезе на површина. Вие тоа пошармантно од мене го кажувате, тоа е ваш цитат. Вие господине Груевски не сте пастир, вие сте лицемер.

**Трајко Вељаноски:** Во однос на второто прашање ќе добиете одговор од претседателот на Владата на Република Македонија.

**Никола Груевски:** Во однос на второто прашање поврзано со писмото кое што го спомена господинот Жерновски испратено на 16.11.1999 година, тоа е писмо со кое што како и секогаш со сите писма, или акти што сум ги правел сум се обидувал да ги заштитам интересите на Република Македонија. И со тоа писмо кое што е необврзувачко точно е, се сугерираше да се најде ако има можност за набавка на поевтина нафта која што би била со поевтина цена и тоа би предизвикало поевтина цена за граѓаните на Република Македонија на пазарот.

Дали спијам мирно, како што вели тој дека сум ја оштетил државната каса, ќе му одговорам дека спијам мирно, затоа што државната каса не е оштетена и ништо ниту е платено, ниту ќе се плати по тој долг, затоа што од тој дел самите Хеленик Петролеум се откажаа, бидејќи беа свесни дека во тој дел нема никаква вина од страна на Владата. Така што Владата ниту плати, ниту ќе плати по однос на тој дел. И тоа можете да го видите на веб страницата на Владата каде што уште првиот ден од потпишувањето на договорот со ОКТА отприлика пред една година беа објавени договорите се ОКТА и таму се гледа дека за оваа работа за која што вие кажувате нема апсолутно никакво плаќање и нема никаква штета за Република Македонија. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот, односно дали сака да постави дополнителнот пратеничко прашање.

Има збор господинот Андреј Жерновски.

**Андреј Жерновски:** Господине премиер, знаете што кажавте? Ќе ве цитирам, дека писмото било необврзувачко, дека вашето писмо било необврзувачко, на крај кажавте дека нема никакво дејство. Поради тоа писмо, кај мене се документите од доказната, или истражната постапка, поради тоа писмо државата плаќа 17,3 милиони долари. Како можете да кажете дека не е обврзувачко. Кој ви бил мотивот, колкав е пазарот, јас тоа не знам и не можам да го прејудицирам.

Сакам да ја информирам јавноста дека ЛДП ќе го комплетира ова досие од сите писма и ќе бараме од Обвинителството да покрене истрага за овој случај. Само да ви кажам, уште еден документ кој што ќе оди таму и тој е комплетиран за тоа каде е составено писмото со кое што вас ви сугерира да го откажете договорот. Адвокатот господинот Потамитис, грчкиот адвокат во писмото кажува: му испратив драфт писмо кое ќе му биде испратено после на министерот за трговија на БЈРМ под следните услови. Тука е целото писмо и истото писмо потоа е пратено, составено во Грција и пратено од нашето министерство, истото писмо, кое што е пратено ден претходно од Грција.

Господине Груевски, рековте дека мирно спиете. Јас ќе ви кажам зошто вие работите 24 часа седум дена. Вие работите 24 часа седум дена во неделата, затоа што не спиете. А знаете зошто не спиете? Затоа што не ви е мирна совеста, затоа работите толку.

И најголемата иронија за двата примери и за уште многу примери ќе имаме уште пратенички прашања. И иронијата и лицемериeто и трагедијата на сите овие примери за наводното патриотство, знаете што е господине Груевски, што и ти си Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Следен според редоследот кој што ние го имаме утврдено на координација со координаторите на пратенички групи е госпоѓица Ермира Мехмети.

Координаторот Тахир Хани ќе објасни.

**Тахир Хани:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, во име на парламентарната група барам 10 минути пауза.

**Трајко Вељаноски:** Генерално имаме договорено, нема паузи.

Со оглед на тоа продолжуваме понатаму.

Следен за поставување на пратенички прашања е госпоѓа Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе, почитувани колеги, почитувани членови на Влада на Република Македонија, господине премиер.

Јас трите прашања ќе ги поставам токму до вас, а тематски се поврзани и се однесуваат околу состојбите во енергетскиот сектор во Република Македонија, прашања што многу често ги отворавме на говорница, но жалам што сеуште немаме одговор.

Моето прво прашање господине Груевски повторно е за едно писмо. Се надевам дека ова писмо со оглед на тоа што повторно го потпишавте вие, нема да добијам одговор како и колегата Жерновски дека не е обврзувачко. Се работи за писмото на намери од 6 февруари 2008 година на Владата на Република Македонија до Меѓународниот монетарен фонд каде што ги дефиниравте вашите политики.

На страна 15 во тоа писмо на намери говорите за реформите на моделот на пазар на електрична енергија.

Дозволете да цитирам една реченица. Велите: "почнувајќи од јануари 2008 година големите корисници ќе треба да ја купуваат 100% од нивната електрична енергија по пазарни цени, со што треба да се отстрани потребата од буџетски трансфер до МЕПСО во 2008 година".

Господине Груевски, тука е господинот Славески, чуварот на парите на граѓаните на Република Македонија кој од оваа говорница еднаш за време на ребалансот на Буџетот, а потоа и на пренамената на средствата помеѓу буџетските корисници не информираше околу два трансфери, субвенции до МЕПСО во висина од по 500 милиони денари.

Моето прашање е кратко. Колку всушност буџетски средства се трансферирани до АД МЕПСО, не само во 2008 година туку и во 2007 година. Дали еднаш конечно граѓаните ќе знаат колку се субвенционира ЈП АД МЕПСО во Република Македонија.

Моето прашање е многу тесно поврзано со еден документ што го добивме почетокот на 2008 година согласно Законот за слободен пристап до информации, го упатив до Минситерството за финансии прашувајќи што стана со 80 милиони денари од пренамената на буџетски средства од Буџетот за 2007 година и барав не само документ каде се тие пари, со оглед на тоа што не стигнаа до општина Битола, туку судбината на првите 80 милиони денари, за електрификација на индустриска зона Жабен. Не само што добив одлука на Влада потпишана од господинот Ставрески од 21.12.2007 година каде што велите "80 милиони денари за Жабени ќе бидат префрлени од таа и таа програма кон АД МЕПСО", и имам копија од налогот дека на 27.12.2007 година 80 милиони денари се трансферирани кон АД МЕПСО. Ама, овие пари до ден денес ниту на сметката на општина Битола, ниту на сметката на новоформираното јавно претпријатие Жабени во Битола не се стигнати.

Точно е дека стигнаа вторите 80 милиони евра и тоа на крајот на 2008 година. Ама, да потсетам тоа беа вторите 80 милиони денари кои беа пренаменети со новата пренамена на средства помеѓу буџетски корисници, тоа ќе го прашате господинот Славески за Буџетот за 2008 година. Каде се 80 милиони денари? Што е судбината со нив, бидејќи конечно знаеме дека иако господинот Славески говори за транспарентно трошење на буџетски средства тоа не е така.

Моето второ прашање повторно е поврзано со писмото за намери кон ММФ и се однесува на страница 16 каде што велите дека во поглед на енергетската политика "развивате механизам" за социјална заштита за паркетирање на субвенциите за електрична енергија на најсиромашните потрошувачи. Се очекува со новата програма да обезбедите субвенции за електрична енергија на 70 илјади домаќинства".

Тоа е потпишано не само од вас господине Никола Груевски, вториот потпис е од господинот Ставрески, лево е потпишан господинот Трајко Славески, десно господинот Петар Гошев. Зад тоа сметам дека стоите, бидејќи откако ВМРО ДПМНЕ го донесе Законот за енергетика струјата поскапе за 11,4%, ама на 7 јануари годинава медиумите јавуваат дека повторно, овој пат АД МЕПСО бара поскапување на струјата.

Моето прашање е следно. 4 пати владеачкото мнозинство ВМРО ДПМНЕ одбива да го прифати нашиот понуден закон за заштита од енергетска сиромаштија. Тоа беше ваш предлог, во вашето писмо на намери кон ММФ кое вие очигледно го прогласивте и по втор пат писмо што не ве обврзува. Дали мислите дека и во 2009 година ќе донесете закон за заштита на најзагрозените слоеви од постојаниот раст на цената на електричната енергија, која за жал согласно вашиот закон за енергетика ќе се случува речиси секој месец.

Моето трето прашање е веќе легендарно. Станува збор за хаваријата на багерот која се случи на 2 мај 2008 година во Битола. Ќе бидам многу кратка и јасна и дозволете да му дадам работен наслов на ова прашање "чија е одговорноста".

Нашите сознанија говорат дека со багерот во времето на несреќата управуваше лице кое не беше стручно оспособено односно не поседува

лиценца за да може да управува со багер вреден околу 50 милиони евра. Прашањето ми е кој ќе ја понесе одговорноста.

Моето второ прашање за одговорноста за тоа дека во време на хаваријата не беше издадена наредба за работа на јаловинските багери. Таа наредба е изградена на 9 мај, една недела по хаваријата под архивски број 03-447 и во неа убаво е насловено "начин на управување со јаловинските багери", потпишано од директорот за рудници господинот Миле Стојановски. Чија е одговорноста заради тоа што во време на хаваријата ваква наредба не била издадена.

Моето трето прашање околу одговорноста е најсуштинско

Дали господинот Груевски знаете дека со архивски број 01-406 и 01-356 се наоѓаат извештаите за инженерско геолошките појави во рудникот Суводол од 14 април 2008 година и од 29 април 2008 година. Ќе ви ги доставам за да видите дека геолозите предвиделе пукнатина која може да предизвика хаварија. Хаваријата се случи на 2 мај. Господине Груевски кој ќе ја преземе одговорноста. Багерот не работи толку месеци, не произведува струја, капацитетот за производство на електрична енергија во РЕК Битола е премногу намален. Вашите тендери за поправка на багерот пропаѓаат. Сеуште нема назначено генерален директор во РЕК Битола, господинот Чинговски не убедува дека тоа е тој. Ако е тоа тој, бидејќи господинот доаѓа во Битола и секое доаѓање наоѓа и воспоставува казни, господинот Кушковски последниот пат беше обвинет за 400 илјади евра неправилно потрошени при реконструкција на термоблоковите, тогаш дозволете да добијам одговор од вас, кој ќе ја преземе одговорноста за катастрофалното раководење со РЕК Битола, бидејќи последниот директор, директно одговорен за штетата вие го наградивте со министерско место во вашата Влада.

Господине Груевски да не ве замарам и да не ви дозволам, ветивте дека ќе ги тргнете владините кампањи барам на сите три прашања псимено да ми одговорите за да не ве слушаме како се мачите 40 минути и повеќе да одговарате на прашања кои требаше да ги одговорите. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Сите три прашања се поставени кон претседателот на Владата на Република Македонија и како што разбрав од госпоѓа Весна Бендевска барам писмен одговор на сите три прашања.

Со оглед на тоа од Владата треба да добиеме одговор во писмена форма на сите три поставени пратенички прашања.

Следен за поставување на пратенички прашања е господинот Тито Петковски, повелете.

**Тито Петковски:** Благодарам господине претседателе.

Прво, бидејќи ова е мое прво појавување на говорницата после стапувањето на Нова година сакам на пратениците да им посакам добро здравје, да бидеме поуспешни во контролата на Владата, а на Владата да има повеќе чувство за барањата и потребите на пратениците. Дозволете да поставам три прашања на премиерот на Владата на Република Македонија.

Првото прашање е дали имате намера да подготвите стратегија за заштита на нашето уставно име и успешно справување со позициите на Грција околу потребите Македонија час поскоро да добие и датум за преговори и членство во НАТО.

Кусо образложение.

На 3 ноември о.г. Собранието на Република Македонија донесе резолуција со која ги задолжува премиеорот и претседателот на Републиката веднаш да пристапат кон изготвување на стратегија на заштита на нашето уставно име или успешно да се бориме околу заштита на нашите интереси во врска со противењето на Грците за нашето интегрирање.

Сега, ја користам приликата, бидејќи немам шанса да му поставам прашање на претсердателот на државата и него исто така му поставувам истото прашање.

Значи, обврзани сте со резолуцијата во точка 1 двајцата веднаш да почнете со подготовка на државната стратегија и

Точката 5 обврска за двајцата редовно да го информирате и Собранието и граѓаните на Република Македонија за тоа до каде сме дојдени со подготвувањето на стратегијата.

Значи, ако е тоа обврска и ако пишува во точката 1, дека треба веднаш тоа претпоставувам дека ќе треба час поскоро да се подготвува стратегијата.

Значи, ако на 3 ноември Собранието донесе резолуција, еве, два месеци и повеќе ниту јас, ниту Собранието, претпоставувам граѓаните уште помалку се информирани дали воопшто се има намера да се подготвува државна стратегија.

Вашиот однос и односот на претседателот на државата кон ова прашање јас го толкувам како однос, како мерило за однос кон Собранието на Република Македонија како законодавен дом, како највисоко тело. Значи, Собранието донесе резолуција, тоа е обврска со вас двајцата да ги консултирате и сите политички партии и експертската јавност, невладини организации итн.

Значи, прашањето е прецизно - дали имате намера да пристапите кон подготвувањето на државна стратегија за успешна борба на Република Македонија со Грција околу заштита на нашите интереси, пред се станува збор околу името.

Второто прашање е, доставивме иницијатива односно да го прецизирам прашањето дали сте подготвени да формирате државен совет, државен економски совет, или ако сакате економски совет на чие чело би биле вие како

премиер на Владата а во неговиот состав да членуваат успешните, би рекол да не говорам најуспешните поранешни министри за финансии, истакнати универзитетски професори, стопанственици, експерти, луѓе кои што се не само од позицијата и партиите кои што се на власт, туку и луѓе кои што се докажани во својата професија од опозицијата и луѓе кои воопшто не биле партиски препознатливи.

Ние си земавме за право и ви предложивме некои имиња од прилика во која насока би се движеле тие размислувања околу составот на тој совет. Цениме дека такво нешто на Република Македонија и е потребно во овој момент. Верувам дека не живеете сами во уверувањето дека целокупното знаење е концентрирано во Владата или во парламентарното мнозинство. Дека во оваа држава има инвентивни, креативни, способни луѓе кои можат да и помогнат. Значи, станува збор за помош на Република Македонија ако го делите мислењето дека сме соочени со најсериозна економска криза која не може нас да не заобиколи, како впрочем тоа што се случува и на глобален план во светот и во Европа.

Прво, дали го делите тоа мислење, дали мислите навистина дека ни е потребно едно такво тело кое што ќе го користи целокупниот творечки потенцијал во Република Македонија кои нема во случајот да стојат во функција да и помагаат на Владата, туку да ддржавата. Своето знаење да го вложат во изнаоѓањето на најефикасни патишта за борба против економската криза односно како Македонија најуспешно да се справи со економската криза. Сметаме дека тоа е ваш однос кон кризата.

Исто така односот кон ова прашање ќе го цениме како единица мерка за тоа како се однесувате кон економската криза или едноставно сметате дека таква не посто и нема потреба да формирате такво тело. Ние ценевме дека тоа тело ќе ви помогне и на вас, ќе и помогне пред се на Република Македонија најспешно да се справи со кризата. Претпоставуваме дека имаме многу луѓе кои што ни политички не се ангажирани, а кои сакаат за својата држава во кризните моменти да го дадат она што го поседуваат како креација, како знаење, како способност.

Третото прашање е во врска со кампањата на Владата на Република Македонија за целосна, или тотална антизација на македонската историја.

Дали сметате дека на овој начин се бега од нашите словенски корени, говорам од словенските корени на македонската нација и дали сметате дека тоа не и штети на позициите на Република Македонија кон некои земји кои со години наназад повторуваат дека Кирил и Методиј се словенските просветители, кирилицата итн., немаат ништо со македонската држава и со македонската нација, дека е тоа својствено на нив. Сметате ли дека на тој начин, откажувајќи се од една цивилизациска придобивка, или ако сакате допринесот што Кирил и Методиј и свети Климент и Наум го дадоа за македонската нација, меѓутоа и за европската цивилизација нема да биде нешто кое што сериозно ќе и штети на позицијата на Република Македонија во однос на соседите.

Прво, дали мислите дека тоа е бегање од словенските корени, антизацијата на Македонија, враќањето на античките корени на Македонија итн.

Второ, дали мислите дека на тој начин не правиме добра услуга на наши соседи кои историски пенетрирале на овие простори и на етнички и национален план повторувале дека Македонија нема ништо со светите браќа Кирил и Методиј, со Климент и Наум и дека тоа сериозно може да го доведе во прашање нашиот идентитет за кој што грчевито се бориме, еве и сега го повторуваме како никогаш досега повеќе. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Сите три пратенички прашања се упатени кон претседателот на Владата на Република Македонија, господинот Никола Груевски.

По однос на првото прашање имате збор господине Груевски, повелете.

**Никола Груевски:** Во врска со првото прашање ќе одговорам писмено.

**Трајко Вељаноски:** Одговорот по однос на првото прашање ќе биде написмено.

По однос на второто прашање имате збор, повелете.

**Никола Груевски:** За второто прашање краток одговор.

Некои држави пристапија кон формирање на вакви совети, некли одлучија дека не треба да се пристапи. Ние не сметаме дека треба да формираме таков совет, но ги користиме сите можни потенцијали на стручни лица, експерти, стопански комори, професори, доктори на науки итн. кои што можат да дадат помош и идеи за ублажување на последиците од светската економска криза во Република Македонија. Значи, одговорот е дека наша проценка, како и многу други држави што направија дека формално не треба а се формира такво тело, но максимално да се користат сите идеи и капацитети со кои што располага Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот, односно дали сака да постави дополнително пратеничко прашање.

Има збор господинот Тито Петковски, повелете.

**Тито Петковски:** Околу првото прашање претпоставувам дека ќе му треба време на премиерот. . .

**Трајко Вељаноски:** Ве молам дали сте задоволни од одговорот на второто прашање.

**Тито Петковски:** По ред одам.

Значи, сепак очекувам писмен одговор. Тоа е една обврска повеќе за премиерот по однос на првото прашање.

По однос на второто прашање искрено мислевме дека нема да и користи на Република Македонија уверувањето дека најдобро ние и најмногу ние знаеме. Имавме навистина чесни намери во Македонија кога и е најтешко да се обединеме по едно прашање кое што ќе гарантира побрз излез на Република Македонија од кризата. Ништо не смета луѓето кои што знаат, умеат тоа да го стават во функција на Владата односно сметавме дека е добро со тоа тело да раководи премиерот, бидејаќи ако не раководи премиерот со тоа тело тоа нема шанса да функционира.

Но, еве, премиерот уште една одговорност врз себе презема. Сметавме дека на овој начин може да се дисперзира одговорноста на поширок план и кај луѓе на опозицијата и експертската јавност, а ако тој смета дека може сам се, и неговиот тим, тогаш одговорноста сметам дека е многу поголема. Не можеме со сила да го натераме да формира совет, ние само предлагаме. Според тоа нема што да кажам дали сум задоволен или не сум задоволен, јас само предлагам. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

По однос на третото прашање ќе одговори претседателот на Владата на Република Македонија, господинот Груевски Никола, повелете.

**Никола Груевски:** Благодарам.

Беше поставено едно чудно прашање, дека сме вршеле партизација на македонската историја, сме бегале од некои историски корени, сме сакале некои други антички корени. Јас кратко ќе одговорам дека на овие простори во минатото живееле многу различни цивилизации и сите тие цивилизации, истакнати личности и луѓе од тие цивилизации оставиле свој белег, така што ниту може едни да се негираат, а други да се форсираат, ниту пак некој да се изостануваат, или да се повикуваме само на едни, или само на други, така што, не станува збор дека ние бегаме од едни корени, или се навлекуваме на други корени. Сите што биле на овој простор, што имале одредени улоги, што вршеле одредени цивилизациски напредности, што помогнале во развојот на општеството во тој период, некој од тој развој и денеска го чуствуваме како позитивен, сите имаат свој белег и практично ние сме потомци на сите генерации што се зад нас во минатото, независно колкав период гледаме зад нас. Нема никакви форсирање на едни или на други.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот или сака да постави дополнително пратеничко прашање, повелете.

**Тито Петковски:** Се разбира, не сум задоволен. Одговорот беше многу површен. Практично останав без одговор. Се обиде премиерот да си ја оправда совеста, но мислам дека ќе има многу проблеми за тоа на македонската јавност да и го докаже. Поради кои причини? Од причина што во Република Македонија се држеше конгрес, Сесловенски конгрес. Владата не најде засходно ниту да оди во Охрид, а дојдоа од цела Европа, дури и од светот, дојдоа слависти, кои што практично ја подржуваа македонската определеност и историја да се темели нејзината етничка национална припадност на корените на Словените. Она што го направиле за Македонија и за европската цивилизација светите браќа Кирил и Методиј, особено Климент и Наум се разбира. Ако Владата не најде засходно да го посети, а премиерот секојдневно е присутен на телевизии, дели клучеви итн, му нема шанса некаде, мислам дека човекот ќе добие воспаление на рацете од сечење ленти и делење клучеви, а не најде засходно да појде на Сесловенскиот конгрес, каде што луѓето од целиот свет сакаа да го видат односот на Владата кон нашата историја, а така нападно се трошат пари, не се штедат пари за докажување на нашите антички корени, логичен е заклучокот дека Македонија се откажува од светите браќа, а тоа значи откажување од нашата историја, со што практично сериозно ја задолживме и европската цивилизација како творци на кириличното писмо. Не може да биде одговор дека сме наследници и на едните и на другите. Одговорот мора да биде прецизно јасен. Јас не говорам дека античкото наследство е само на Македонија и само на Грција или и на другите земји што живееле во овој регион. Поентата беше дали начинот на кој што ја водиме политиката околу македонскиот идентитет дефинитивно и штети на Република Македонија, ставајќи акцент врз нашето античко потекло, а запоставувајќи ги корените од нашите свети браќа. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Следен за поставување на пратенички прашања е пратеникот Грозданов Цветко, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам претседателе.

Јас историјата ќе им ја оставам на историчарите, така да ќе поставам конкретни прашања и ќе напомнам дека некаде во јуни месец оваа година од страна на Стејтдепартментот на САД од првата група земји што целосно ги исполнуваат условите за борбата против трговијата со луѓе, што е од особено значење, бидејќи Република Македонија е единствената земја од регионот што се наоѓа во оваа група на земји, моето прашање ќе го насочам кон Министерството за внатрешни работи, ќе кажам дека му посакувам такви успеси и оној што е во организираниот криминал.

Моето конкретно прашање ќе биде околу организираниот криминал, поточно она што во изминатиот период Министерството за внатрешни работи го презеде како одредени мерки против овие дејствија. По примерот на операцијата “Пепел” која што беше спроведена во Куманово, интервениравте и во Струга каде

заради криминалот тежок 6 милиони евра имаше приведено судии, нотари и адвокати. Заврши онака како што заврши. Според информациите пренесени во медимуите овој криминал започнал уште во 2002 година и во него биле инволвирани голем број на лица, а власта досега има гледано низ прсти. Дали со 16-мината пријавени е затворен кругот и дали има нови моменти или докази со кои и во случајот "Пепел" можат да се осомичат судии или адвокати. Ова е прашањето кое што јас би сакал да го поставам до министерката за внатрешни работи.

Второто мое прашање ќе го поставам до министерот за здравство. Како што повеќето пратеници и јас уште во 2006 година имам отворена пратеничка канцеларија, комуницираме со граѓаните, оваа е една молба од граѓаните, поточно од фелата ваша која што доаѓа, тоа се докторите поточно ортопедите, кои што во изминатиот период некаде во 2008 година при крајот, поточно на 29.12.2008 година во Службениот весник на Република Македонија број 164, донесена е одлука за утврдување на референтни цени за услуги во болниците за здравствена заштита од акутни случаеви. Овој пример го посочуваат со оној што ДРЏ системот господине министре на пример, еден вештачки колк од фирмата "Зимер" или "Џонсон и Џонсон", изнесува 900 денари, додека фондот рефондира некаде ставка од 92 илјади до 112 илјади денари.

Дали сметате дека овие средства се доволни и дали сметате дека тука здравствената услуга секогаш ќе биде квалитетна, или ќе се наруши квалитетот во смисла на она што се набавување на одредени вештачки колкови. Само за споредба ќе кажам дека после оперативните третмани за вградување на еден вештачки колк е некаде од 15 до 20 дена. Разликата која што се јавува, значи на цената која што рефондира фондот е некаде од 2.000,00 до 14.000,00 денари. Знаеме дека оперативната сала за да отпочне со работа чини. Она што е загревање, она што е амортизација и она што е стручниот тим. Значи внатре влегуваат повеќе лекари, повеќе сестри, па дури и од оние кои што ја одржуваат и чистат самата сала.

Дали сметете дека овие пари ќе бидат доволни за да можат да се вршат вакви операции и дека здравствените услуги ќе бидат на високо ниво, или со ваквиот начин ќе можеме да придонесеме да се купуваат колкови од Кина и Азија, за кои што ќе напомнам дека гарантниот рок за првите колкови кои што се од "Џонсон и Џонсон" или "Зимер"се некаде околу 20-тина години. Додека сознанијата на стручните лица, ова го пренесувам од граѓаните кои што сакаат да биде поставено како прашање, на кинеските колкови е некаде од 2 до 3 години и азиските колкови е некаде од 2 до 3 години. За возврат на сето тоа, значи, за да се направи одредена ревизија на вештачкиот колк после поминувањето на времето на траењето од 2-3 години, доколку се вгради еден колк од она што се нарекува набавка од кинески или азиски производ изнесува 300 илјади денари. Дали не сметаме дека тука треба да направиме една мала ревизија, или да речеме една промена во она што се ставките што ги имате дадено во ДРЏ системот, во она што се рефундирање на средства околу овие имплатанти. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Јас колку што разбрав имате две пратенички прашања.

Првото е до министерот за внатрешни работи, а второто пратеничко прашање е до министерот за здравство.

Одговор по однос на првото пратеничко прашање е од министерот за внатрешни работи, госпоѓица Гордана Јанкуловска, повелете.

**Гордана Јанкуловска:** Благодарам претседателе.

Пратеникот Грозданов допре неколку теми во неговото прашање, меѓутоа, јас во интерес на времето ќе се обидам да се фокусирам на клучните два сегметни од прашањето на пратеникот Цветко Грозданов.

Имено, во прашањето беше побарано да се обезбеди дополнителна информација по однос на две конкретни активности на Министерството за внатрешни работи во изминатиот период, а тоа е операцијата "Пепел", значи операција која беше спроведена на територија на Секторот на внатрешни работи Куманово и еден од поновите случаи кои се однесува на хотелот Изгрев. Ќе се обидам да дадам одговор на двата аспекта на прашањето. Имено, по примерот на операцијата "Пепел" во Куманово ние спроведовме полициска акција и во Струга, каде што за криминал тежок повеќе од 6 милиони евра имаше приведено судии, нотари, адвокати, а според информациите со кои располагаме и информациите кои во изминатиот период подолго време ги пренесуваат и медиумите, практично ова незаконито однесување започнало уште во 2002 година и во него биле инволвирани голем број на лица, но за жал, се до оваа гарнитура на власт, се до Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ на овие лица им било прогледувано низ прсти од едни или други причини, но јас, нема да навлегувам во тоа. Практично, со овие 16 лица кои се осомничени по однос на криминалот, нашата проценка е дека е започната постапката но секако дека оваа постапка ќе мора да продолжи, се разбира, овој пат воден од истражниот судија во насока на откривање на евентуална инволвираност и на други лица во оваа конкретна операција. Би се навратила повторно на првиот дел од прашањето кој конкретно се однеуваше на случајот "Пепел" и јас би рекла дека ниту во овој случај, ниту пак во актуелното расчистување на злоупотребите околу струшкиот хотел "Изгрев", ние цениме дека тоа не се единствените крупни случаи со кои беше соочено Министерството за внатрешни работи во изминативе не повеќе од две ипол години. Се разбира дека овие случаи можеме да ги класифицираме како едни од позначајните и

покрупните случаи, особено од аспект на вредноста, на начинот на кој е изведено делото и на штетата која е направена. Токму затоа, иако за јавноста имаше одредени шпекулации и информации, ние се зафативме со работа и ни беше потребно малку повеќе време детално и темелно да ги одработиме и едниот и другиот случај и реално од она што можевме досега да го видиме, станува збор за исклучително комплицирани случаи, каде што постои добро осмислена конструкција и во таа смисла беа потребни низа дејствија за да се дојде до основата, до самиот почеток на овие криминални активности.

Сега би сакала да дадам неколку информации кои поконкретно се однесуваат на двата случаи.

Имено, во врска со акцијата “Пепел”, како што веќе и е познато на јавноста, ние мерки на прогон презедовме против 47 физички и едно правно лице и поднесени се конкретно по овој случај, освен правичната кривична пријава која се однесуваше токму на овие лица, понатаму, врз основа на низа спроведени активности во координации со други институции, кои имаат различен тип на надлежности во спроведување на законот, ние до Обвинителството поднесовме уште дополнителни седум посебни извештаи за различни сторени кривични дела, а активностите кои беа координирани од Министерството за внатрешни работи, но беа изведени во соработка со другите надлежни институции, се преземени практично во повеќе од 36 објекти. Тука станува збор за деловни објекти, станови, куќи, магацини, печатници и ред други објекти, каде што навистина е откриена стока во огромна вредност, значи, откриени се над 25 тони на цигари од различни типови, понатаму откриени се низа предмети кои што биле користени за извршување на кривичното дело кои и понатаму се разбира беа одземени. Исто така, врз основа на сето досега откриено и врз основа на документацијата, ние утврдивме една почетна вредност, односно таа вредност е малопродажната цена на произведените цигари која изнесува приближно 40 милиони евра, а проценетата штета со незаконско работење на фирмите по однос на даноци и други давачки кон државата, како акцизи и други давачки изнесува 697 милиони денари. Така што можам да констатирам дека во моментот судската истрага е во тек, но дејствијата не запираат по однос на документирање на евентуални други дејствија, кои би значеле проширување на кривничната пријава односно поднесување на друг соодветен поднесок и извештај до Јавното обвинителство.

Како што веќе ја информиравме јавноста, имотот на осомничените е замрзнат, а продолжуваат и сите други дополнителни проверки од надлежните институции и дефинитивно најзначајно е што врвот на криминалната организација, значи лицата кои ја обмислиле и ја раководеле оваа структура, моментално по одлука на судот се во притвор и не би можеле да влијаат понатаму на уништување на доказите, или евентуално друго сперчување на истрагата по однос на овој случај.

Што се однесува до случајот со хотелот “Изгрев”, како што веќе е познато, ние презедовме активности против 16 лица и тоа гледајќи ја структурата на оваа група, може да се заклучи дека лицата се од најразлични профили. Значи, има адвокати, нотари, има тројца судии, сопственици на приватни фирми, вработени во државни институции, пред се, тука мислам на струшкиот катастар и ние и во овој случај поднесовме кривична пријава за сторени повеќе кривични дела. Овде осомничените ги товариме за сторено кривично дело измама, перење пари, измама при добивање на кредит, злоупотреба на службена положба и овластувања, фалсификување на исправа и ред други дејствија што значат неправилности кои се вршени во еден подолг период, односно во периодот помеѓу 2002 и 2008 година. Но според документираните сознанија, двајцата прво пријавени сосопственици на една од фирмите во периодот од 2002 до 2008 година, како главни носители и организатори на незаконити криминални дејствија, а потпомогнати од останатите пријавени, се стекнале со противправна имотна корист во износ од околу 6 милиони евра. И при тоа е причинета штета на ЛХБ банката, на акционерите на хотелот “Изгрев” и на други лица кои по разни основи биле во контакт со фирмите и со лицата кои се товарат за сторени кривични дела.

По однос на овој случај Министерството за внатрешни работи продолжува со преземање на мерки и се разбира дека доколку се утврди и докаже инволвираност и на други лица во конкретниот случај, против истите ќе бидат поднесени соодветни пријави, извештаи и ќе бидат преземени соодветни мерки од страна на органите на прогонот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот или сака да постави дополнително пратеничко прашање?

Има збор пратеникот Грозданов Цветко, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам претседателе.

Јас можам да кажам дека од првиот дел од прашањето сум задоволен, околу она што беше акцијата “Пепел”, а за вториот дел штета што од мојата лева страна од СДСМ не ги гледам колегите, поготово не бившиот пратеник господинот Поповски и екс премиерот господинот Бучковски.

Госпоѓо министерке, јас за ваша информација ќе кажам дека за вториот дел од прашањето во однос на хотелот “Изгрев” ќе дадам една информација и би апелирал, или би сакал да ми одговорите дали ќе има можност за проширување на таа листа.

Значи, во 2005 година можете да проверите на истата фирма и е вратено ДДВ од 3 милиони

евра тогаш во Управата за јавни приходи беше директор Петра Митева. На налогот е потпишана Мирка Мандева истата онаа која што се потпиша и на пријавата на сега веќе бивша претседателка, поточно нејзиниот сопруг кој што беше овие денови актуелно.

Затоа би апелирал да ги земете во предвид овие информации што и ги кажувам. Ова е листинг, што реков треба да се прошири околу можноста за испитување за откривање на сотореното крвивично дело, како што и сами рековте измама и перење на пари. Тука мислам дека тогашниот премиер и тогашниот министер за финансии и нивните лица кои биле поставени имаат добро поставени луѓе кои ги покриваат. 3 милиони евра не се за потецунување, средства кои се врате4ни по основ на ДДВ. Тоа значи дека тука имало организиран криминал. ВИ посакувам и понатаму да имате успех во откривањето на органинизираниот криминал.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Во однос на дополонителнот пратеничко прашање одговор има министерката за внатрешни работи, повелете.

**Гордана Јанкуловска**: Му благодарам на пратеникот Грозданов за одрдени информации кои ги изнесе во јанвоста. Секако дека сите овие инфорамции и секоја друга информација поврзана со овој или било кој друг случај внимателно ќе биде проверена и врз основа на проверките кои би дале евентуални дополнителни докази ние ќе ги разглдеаме информациите и до колку се обезбедат доополнителни докази би ја прошириле истрагата односно би ги прошириле дејствијата што е неопходно да се превеземат во функција на целосно заокружување на овој случај.

Инаку јас во мојот основен првичен одговор, кога зборував за овој случја реков дека се работи за еден исклучително комплексен и сложен случај каде што осомничените ги товараме за сторено повеќе кривични дела меѓусебно поврзани и во таа смисла сосема е очекувано дека постои реална можност случајот да биде проширен односно да се појават и други лица инволвирани во дејствијата кои биле вршени на незаконзски начин. меѓутоа преда да се оди на таква активнсто секако е дека е неопходно потребно да ги обезбедиме сите докази кои би оделе како потркрепа на проширувањето на истрагата. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Пред да премине на одговор на второто пратеничко прашање процедурални има господинот Андреј Петров, повелете.

**Андреј Петров**: Благодарам претседателе.

Јас само во однос на прашањето на господинот колегата Грозданов. Сакам да укажам дека пратеничките прашања се поставуваат до Владата за исполнувањето на имињата на пратеници од ова Собрание и алузиии на нивна адреса, ги сметам за непримерните и недомократски. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Одговор по однос на второ пратеничко прашање од министерот за здравство. Повелете министре.

**Бујар Осамани:** Благодарам претседателе.

Благодарам за прашањето од почитуваниот пратеник Грозданов. Прашањето се однесуваше на започнување на имплементацијата на системот ДРЏ од 1 јануари 2009 година. Само да кажам системот дијагностички поврзани групи почнува да се применува уште во 80-тите години на Универзитетот ЈЕЛ во САД како систем за класификација на пациентите со цел контрола на квалитетот на услугата што се дава и во еден ваков систем на класификација секој пациент во една болница е асоциран со една дијагностичка поврзана група на база на атрубутите на случајот кој што вклучуиваат и возраст и пол на пациентот и главнни и придружни дијагнози. Што значи дека сите групирано пациенти, однос но пациентите групирани во една дијагностички сродна група се хомогени од клинички аспект, меѓутоа и од потрошувачката на ресурси а со тоа и на самите трошоци. Според тоа Фондот го надокнадува, односно компензира болниците во зависност од бројот на случаи и квалитетот на улсугите што ги дава таа установа. Се разбира дека секаде во светот и во Република Македонија буџетот на Фондот за здравствено осигурување е ограничен па потребите на здравствениот систем во целина постојано расте и се зголемува што значи дека потребна е добра алокација на тие средства односно утврдување на приоритети. Референтните цени кои што вие ги споманавте ги утврдува Фондот за здравствено осигурување односно Управниот одбор на фондот за здравствено осигурување на кој дава согласност министерот за здравство и тие се напревени врз основа на искуствата од регионот меѓутоа и проценките кои се прават врз основа на точно одредена формула. Ефектите јас кажав дека ефектите од ДРЏ калкулацијата на буџетите нема да се чуствува првите три месеци од оваа година бидеќи тој буџет е утврден врз основа на сработеното на 2008 година, значи првиот ефект од калкулацијата ќе се чуствува веќе во април 2009 година кога ќе се зголемува односно намалува буџетот на некоја болница во рамките на 20% врз основан на квантитетот, но и квалитетот на здравствена услуга што ја дава. Повторно ќе кажам дека нормални се несогласувањета помеѓу побарувањето на болниците и можностите на Фондот, но сепак би сакал да ги смирам сите тие болници кои сметаат дека со ова ќе се загрози нивното работење, а посебно пациентите целта на воведување на ДРЏ системот е токму подобрување на квалитетот на здравствената услуга што ја добиваат пациентите со утврдување на фиксна партиципација, спречување на можноста пациентите да бидат пратени да купуваат медицински помагала приватно, бидејќи тоа ќе им се одземе од буџетот на болниците така да

болниците ќе немаат интерес да ги праќаат пациентите да купуваат приватно бидејќи поголем интерес ќе имаат да ги набавуваат сами по поефтина цена. Се разбира дека доколку се појави потреба за ревидирање на овие цени односно доколку цените не се усогласуваат со реалните трошоци на самите болници ние заедно, Министерството за здравство, Фондот за здравствено осигурување и асоцијацијата на болниците односно самите болници веќе имаме закажано за утре состанок на кој што ќе разговараме за тие цени и доколку има реални потреби ќе ги ревидираме и ќе ги смениме. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот или сака да постави дополнително пратеничко прашање.

Има збор пратеникот Грозданов Цветко, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам претседателе.

Јас сум делумно задоволен од одговорот и би напомнал дека сето тоа е во ред, само стравот на здравствените работници е она што е квалитетната здравствена услуга. Дали ќе се доведеме во ситуацијата да се избираат и вештачки колкови, како што напомнав од азиско или кинеско производство, или ќе се купуваат или набавуваат вештачки колкови од она што се двете фирми како што спомнав Зимер и Џонсон ен Џонсон, по кое што ќе понудат голем квалитет и ќе понудат голем век на траење на тие вештачки имплатанти. Значи тука е прашањето, дали во ситуацијата нема болниците да се доведат до ситуација да имплатираат или внесуваат такви имплатантни кои што ќе бидат со пониска цена негледајќи го квалитетот, за да подоцна да кажеме подоцна да заврши рокот на траењето и се направи една ревизија по која шго ревизија ќе ја кошта државата многу, многу повеќе. Кажав дека една ревизија за вештачки колк изнесува некаде 300 илјади денари.

Јас ви благодарам за одговорот и се надевам дека имавте слух и дека ова кое што го спомнав во наредниот период ќе го разговарате со директорот на Фондот и со управниот одбор и ќе допринесете стварно да имаат можност, да имаме квалитетно здравство, но исто така да се овозможи и на здравствените институции да можат реално да го остварат профитот што го предвидувате до ДРЏ системот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Следен за поставување на пратенички прашања е госпоѓа Садие Илјази, но со оглед на тоа дека има 15 минути до 14,00 часот, значи нема да има време да се даде одговор на пратеничките поставени прашања. Ја прекинувам седницата продолжиме во 15,00 часот со поставување на пратенички прашања и добивање истовремено на одговор.

Ја прекинувам седницата, продолжуваме во 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,25 часот).

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа согласно редоследот.

Следен за поставување пратенички прашања е госпоѓа Садије Илјази, повелете.

**Садије Илјази:** Почитуван претседател, почитувани министри и пратеници.

Првото прашање ќе го поставам до министерот за економија.

Албанците во Македонија последиците од актуелната власт ги чувствуваат не само на политички план, туку и на економски план. Истото ова се прави поради јавната ситуација на ДУИ на власт. Проектите за економски развој кои се почнати од ДПА, оваа власт не само што не ги реализира, туку ги игнорира истите. Такви се политичкиот договор за вработување на албанците и добивање на земјоделски бенефиции, слободната економска зона во Тетово и други проекти.

Иако со одлука на Владата во време на владеење на ДПА беше усвоен проектот за градење на една слободна економска зона во Тетово, сепак актуелната коалиција го блокираше овој проект. Слободната економска зона во Тетово требаше да се изгради на површина од 96 хектари меѓу општините Тетово, Теарце, Желино и Челопек, општини со најголем број невработени во Македонија. Градењето на оваа зона на оваа локација за овие општини ќе беше економска инфузија донесувајќи им многу бенефиции како што е намалување на бројот на невработени, локален развој, економски и регионален развој. На оваа власт како да не и е доволно тоа што ги дискриминира албанците на политички аспект недозволувајќи службена употреба на албанскиот јазик, употреба на националното знаме, деградирање и отпуштање од работа на албанците, но тоа е познато, почна и со економска дискриминација. Сите ние ја знаеме неспособноста на ДУИ и нејзината сервилност, меѓутоа, не можеме да сфатиме како сеуште продолжува да ги лаже албанските граѓани. Сите ние сме сведоци, гледаме дека ништо од оваа Влада не е направено за слободната економска зона во Тетово.

Јавно го прашувам министерот за економија и Али Ахмети што им пречи слободната зона во Тетово или овој проект сакате да го преместите некаде во Штип, Гевгелија, Велес или Струмица.

Барам од министерот за економија да ми даде одговор во писмена форма.

Второто прашање е до министерот за образование. Правото на образование е алфа и омега на сите универзални права на еден народ, меѓутоа, само овде во Република Македонија под диригенство на актуелната власт каде учествува и ДУИ на учениците албанци им се оспорува правото за паралелки на мајчин јазик. За да биде иронијата уште поголема ДУИ продолжува да ги лаже родителите и децата во Идризово, а утре

дента да излезе и да каже дека не ветила решение за нивното прашање. Вистината е дека ДУИ не е во состојба да преземе ниту еден чекор за создавање можности за учениците албанци затоа што никој ДУИ не го прашува. Во меѓувреме Советот на родители албанци од училиштето во Идризово се упорни, дури со губење на учебната година се до решение на ова прашање, сега е распуст, што ќе преземе Министерството за образование и наука во второто полугодие овие деца албанци да дојдат и учат во нивниот школски објект во родниот крај. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За првото прашање побаравте писмен одговор што ќе го добиете од Министерството за економија.

За второто прашање одговор ќе добиете од министерот за образование и наука, повелете.

**Перо Стојановски:** Благодарам претседателе.

Што се однесува до прашањето во врска со учениците од Идризово кои што во изминатиот период ја бојкотираа наставата, апсолутно се согласувам со вас дека образованието треба да биде достапно за сите и Владата на Република Македонија и Министерството токму тоа и го пеави. Во ниту еден момент Министерството за образование не го игнорираше проблемо , туку активно се вклучи во решавање на овој проблем и многу жалам што сеуште распоалгате со стари информации. Значи ние сме во постојана комуникација со родителите и веќе се договоривме како и на кој начин ќе биде надминат овој проблем.

Исто така многу е важно да се каже дека решавањето на проблемите кои што произлегуваат во делот на образованието треба да се решаваат трајно, а не да се решаваат парцијално што наредната година повторно да се генерираат проблеми.

Значи, ние се договоривме со родителите и во соработка со локалната самоуправа проблемот да го надминеме на тој начин што учениците оваа година ќе си ја продолжат наставата во второто полугодие во училиштата кои ги одбраа на територија на општина Гази Баба и на територија на општина Петровец, а во програмата на Владата за капитални инвестиции во делот на основното образование предвидена е изградба на нова училишна зграда така што трајно го решаваме овој проблем. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот односно дали сака да постави дополнително пратеничко прашање.

Има збор госпоѓа Садије Илјази, повелете.

**Садије Илјази:** Благодарам, јас не сум задоволна од одговорот затоа што поминаа 6 месеци од почетокот на учебната година и самиот министер знае што значи за ученикот 6 месеци да губи од наставата. Затоа не сум задоволна од одговорот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Следниот за поставување пратенички прашања е господинот Миле Андонов, повелете.

**Миле Андонов:** Благодарам претседателе, почитуван премиер, почитувани министри, колеги и колешки.

Моето прво прашање ќе го упатам до премиерот на Владата на Република Македонија.

Во скоро сите земји членки на Европската унија почнувајки од Франција, Италија, Британија, Шпанија, Португалија, Шведска, Финска и т.н. кои се многу побогати и со далеку подобра економска состојба од нашата, при либерализација на пазарот на електрична енергија воведени се и официјални заштитни мерки од енергетска сиромаштија. Истото е сторено во Хрватска, Бугарија, Романија, Косово, Босна и Херцеговина, Албанија и Србија. Република Македонија буквално е единствената земја во регионот во која не е воведена социјална заштита од енергетска сиромаштија. На ова би ги додал препораките на енергетскиот тим од Светската банка што редовно ги доставува до Владата на Република Македонија и тоа за 2007, 2008 година каде се содржи посебно поглавје кое се однесува на програмата за социјална заштита на ранливите потрошувачи на електрична енергија.

Социјална заштита од енергетска сиромаштија е обврска за Република Македонија која произлегува и од Договорот за основање на енергетска заедница кој договор ова Собрание го потпиша во јули 2007 година, според кој Република Македонија се обврзува, меѓу другото, да се грижи и за енергетска сиромаштија. Секако овде ќе влезе и препораката од Европската унија по Директивата 5403. Сето ова ни укажува дека Република Македонија врши непочитување на меѓународните преземени обврски, а воедно врши тортура односно се случуваат тепачки пред ЕВН како што беше случајот во Кочани, Струмица, Шуто Оризари, Делчево и на многу други места и тоа кај население од ромска популација односно кај население социјално загрозено, лица и семејства.

Сега, согласно нашето законодавство, постојат два начини на решавање односно воведување социјална заштита од енергетска сиромаштија.

Првиот начин е социјална помош за заштита од енергетска сиромаштија да се воведе во самиот Закон за социјална заштита.

Вториот начин е да се донесе посебен закон кој ќе ја регулира оваа проблематика.

Владата крајно вулгарно го одби предложениот закон од страна на СДСМ за социјална заштита од енергетска сиромаштија. Тоа беше скоро.

Со воведување на било какво решение за социјална заштита од енергетска сиромаштија нема целосно да се решат проблемите на овие граѓани кои ќе бидат опфатени со него, но сигурно ќе им ги ублажи проблемите.

Прашањето е, дали има намера и кога оваа Влада да предложи решение за социјална заштита од енергетска сиромаштија?

Тоа беше првото прашање.

Второто прашање ќе го упатам до министерот за труд и социјална политика.

Пред се јас како граѓанин и како пратеник кој ги застапува интересите на граѓаните од Кочани, во моите секојдневни средби со нив континуирано се провлекува едно прашање. Имено, се однесува на доделени средства за самовработување кои беа доделени со потпишани договори на само 4 дена пред парламентарните избори во 2008 година. Во просториите на Агенцијата за вработување во Кочани, а потпишани договори беа доделени лично од носителот на листата на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ во изборната единица број 3 поточно беа доделени договори по 3 илјади евра на 43 лица со цел да се реализира само вработување лично од господинот Владимир Ѓорчев кој е носител на таа листа кој ни тогаш ни сега не е владин функционер или одговорен за таа работа во ресорното министерство. Прашањето не се упатува до него, критиката е за министерот преку оваа работа. Сето тоа беше ставено во функција на предизборен политички маркетинг проследен на повеќе телевизиски канали и медиуми. Затоа со право граѓаните се прашуваат по кој критериум беа доделени тие договори и средства и дали воопшто беа искористени за реализирање на самовработувањето. Бидејќи нема видливи примери на реализирани соработувања по тој основ, владее мислење дека тие средства се ставени во функција на еднократна парична помош, со цел избори парламентарни 2008 година. Па во таа насока сакам да поставам прашање, дали се врши надзор, мониторинг на користењето на тие средства и колку од нив реално се операционализирани во старт на бизнисите. Извини Влатко, морав да те спомнам.

Третото прашање го упатувам до министерот за финансии, меѓутоа, ќе го барам во писмен одговор, а прашањето гласи:

Колку средства се потрошени од Буџетот во 2008 година и колку средства од Буџетот за 2009 година се предвидени како трошоци за кампањи, реклами кај сите буџетски корисници.

Ова, покрај другото, вакви податоци за вкупните трошоци за оваа намена реклами и кампањи ќе придонесе да се оцени дали тие трошоци, особено сега во услови на економска криза се оправдани или не. Мислам дека Министерството е најодговорно пред нас пратениците да ни ја обезбеди повеќе пати ваква бараната информација. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За првото прашање одговор треба да даде претседателот на Владата на Република Македонија господинот Никола Груевски, повелете.

**Никола Груевски:** Благодарам.

Со оглед дека истото прашање го постави и пратеничката Весна Бендевска и побара писмено да биде одговорено, бидејќи е истото прашање и за ова писмено ќе одговориме.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам, значи по првото прашање ќе се добие писмен одговор.

По однос на второто прашање упатено кон министерот за труд и социјална политика, има збор министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Џелал Бајрами:** Претседателе, почитувани пратеници, дами и господа.

Владата не само што успешно ги имплементираше активните мерки за вработување за минатата година, мислам на 2008 година, туку таа исто така преку Министерството за труд и социјална политика изготвивме план за активни мерки за вработување за тековната 2009 година преку кој ќе бидат опфатени над 600 лица кои се предвидени да бидат опфатени со Програмата за самовработување и во истата Програма ќе бидат опфатени 250 млади невработени лица до 27 години возраст, 150 невработени жени евидентирани во Агенцијата за вработување на Република Македонија кои се на тој список повеќе од една година и 250 лица долгорочно невработени кои се наоѓаат во евиденцијата на Агенцијата за вработување на Република Македонија ќе бидат опфатени со Програмата за самовработување.

Да додадам дека преку оваа Програма Владата на Република Македонија за тековната 2009 година на сите овие лица кои, нормално, ќе аплицираат во Агенцијата за вработување ќе им додели неповратни средства и тоа во висина од над 200 илјади денари од кои 185 илјади денари ќе бидат наменети во вид на директна поддршка за набавка на опрема, репроматеријали додека останатите 17 илјади денари ќе послужат за поддршка во вид на основна обука за водење на бизнис, на ваучер систем за изработка на бизнис план и поддршка при регистрирање на бизнисите.

Се разбира дека ние како Министерство ќе вршиме надзор на тоа како се распределуваат овие средства и верувајте дека исто како и минатата година и оваа година овие средства ќе бидат наменети токму на овие лица кои ги спомнав, тие што се долгорочно невработени, на млади лица невработени до 27 годишна возраст и на жени кои се евидентирани во Агенцијата за вработување на Република Македонија.

Значи, средствата ќе бидат наменети исклучиво на оваа категорија невработени лица. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот односно дали сака да постави дополнително пратеничко прашање.

Има збор господинот Миле Андонов, повелете.

**Миле Андонов:** Во врска со првото прашање кое беше поставено до премиерот не кореспондираше со прашањето на пратеничката Бендевска, бидејќи нејзиното прашање и корелацијата беа МЕПСО, Влада, помош и други работи, ова беше прашање за решавање на социјална категорија на граѓани директно засегнати од енергетската сиромаштија.

Ќе го очекувам писмениот одговор, па ќе се произнесам.

По основ на второто прашање не сум задоволен од одговорот од причини што конкретно прашав за потпишани договори 43 со Агенцијата за вработување во Кочани 4 дена пред изборите така што ако министерот не е подготвен да ми одговори што е судбината со тие договори, ќе бидам во очекување можеби написмено да го дополни одговорот. Ова, ќе финансираме, ќе контролираме, тоа е нешто што ќе дојде во оваа 2009 година, а не она што го бара всо прашањето за веќе направените договори. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам, само колега не ве сфатив дали имате дополнително дека не сте задоволни кажавте, но дали имате дополнително прашање.

**Миле Андонов:** Не.

**Трајко Вељаноски:** Немате. Добро, со оглед на тоа по однос на третото прашање самиот пратеник побара написмено да му се одговори од министерот за финансии.

Следен за поставување пратенички прашања е господинот Хани Тахир, повелете.

**Хани Тахир:** Ви благодарам почитуван претседател, почитувани пратеници,

Најпрвин сакам да го нагласам фактот дека ќе поставам две прашања и тоа по однос на непосредна врска со поставените прашања од колегите пратеници од ДПА нагласувајќи го фактот дека во нивните поставени прашања често пати наидуваме на длабока контрадикција во однос на тоа дека тие секогаш нагласуваат неколку аргументи кои не држат.

Прво сакам да го нагласам фактот дека сите ние се залагаме во однос на имплементацијата на Охридскиот договор, посебно во областа на правичната и соодветна застапеност на сите граѓани, во државните институции, било во јавната администрација или во буџетските институции. Во тој правец имаме една инструментализација на сите тие вработувања кои се вршат со договор за ограничено време.

Сакам да го нагласам фактот дека сите граѓани кои се вработуваат со привремени одлуки, се разбира, со истекот на тој рок тие го губат правото да продолжат со работа. Затоа од било која политичка партија каде се вработуваат такви лица, и самите граѓани се свесни дека тие немаат постојано работно време и немаат решенија за тоа работно место. Во тој правец сакам да го нагласам фактот, ако ДПА постави прашање кон ДУИ, најпрвин треба да одговори за своето функционирање во двогодишниот мандат колку има вработено со договор за дело и колку има отпуштено.

Кога говориме за постигнатите резултати во сегментот на правичната и соодветна застапеност, тогаш секако говориме ...

**Трајко Вељаноски:** Господине Хани пратенички прашања се и затоа ве молам поставете пратеничко прашање кон претседателот на Владата или кон министрите.

**Хани Тахир:** Во ред.

Во насока на ова прашање сакам да ја прашам Владата да ви даде конкретни податоци и табеларни прикази како се движеше правичната и соодветна заставеност на Албанците од 2002 до 2009 година. Во оваа насока непосредно ќе увидиме во кој временски период каква застапеност сме имале. Затоа барам конкретен одговор во процентуалниот опфат, во правец на тоа кои беа движењата во однос на правичната и соодветна застапеност. Тоа е упатено до Владата на Република Македонија, а може да ни одговори Абдулаќим Адеми или некој друг.

Второто прашање е во однос на инвестициите направени во Република Македонија, буџетски средства кои се доделени во оваа насока и да ни се даде конкретен одговор кои се капиталните проекти што се предвидува да се изградат во 2009 година и кои се тие проекти. Според информациите со кои располагам, мислам дека актуелната Влада има предвид да инвестира во многу сегменти и тоа капитални инвестиции во Државниот тетовски универзитет, финансирање на Правниот и Економскиот факултет во Тетово, Коридорот 8, Коридорот 10, Железницата Кичево граница со Албанија, доделени се средствата за овој проект, патот Тетово-Јажинце, Скопје-Блаце. Добро е да ни се даде конкретен одговор и во оваа насока кога имаме табеларен приказ, капитални инвестиции кои ќе се направат во 2009 година во Република Македонија.

Второто прашање е до заменикот премиер Зоран Ставрески, да ни даде конкретни податоци за сите капитални инвестиции за секое министерство. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

По однос на првото прашање кое е упатено до Владата на Република Македонија во однос на давање на табеларен преглед на соодветна застапеност од 2002 до 2009 година.

Второто прашање е упатено до заменикот премиер на Владата на Република Македонија Зоран Ставрески, а се однесува за капитални проекти во 2009 година.

Процедурално бара господинот Бесим Догани, повелете.

**Бесим Догани:** Благодарам претседателе.

Моето процедурално се однесува кон вас, бидејќи направивте прекршување на Деловникот и не го прекинавте колегата Тахир Хани кога изнесуваше невистини за непостоечки проекти и бројки, а многу убаво и самите знаете дека неговото право е да поставува прашања, а не да

дава одговори. Ако колегата Тахир Хани има желба може да се вработи како портпарол на господинот Абдулаќим Адеми.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Јас можам да ве потсетам дека и вие кога поставувавте прашања имавте констатации за одредени состојби, како што имаше и господинот Тахир Хани.

По однос на првото прашање за соодветната застапеност од 2002 до 2009 година, одговор ќе даде претседателот на Владата на Република Македонија, господинот Никола Груевски, повелете.

**Никола Груевски:** Како што и самото прашање беше поставено, се бара табеларно, што значи се бара во писмена форма одговор на прашањето и во писмена форма прецизно ќе биде доставено.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

По однос на првото прашање ќе добиете писмен одговор.

Во однос на второто прашање кое е упатено до заменик претседателот на Владата, за капиталните проекти во 2009 година, еве претседателот на Владата, господинот Никола Груевски ќе даде одговор, повелете.

**Никола Груевски:** Доколку се бара усмен одговор јас ќе набројам неколку работи за кои во моментот можам да се потсетам.

Точно е тоа, нешто беше кажано, ние планираме одредени инвестиции во делот на инфраструктурата, во изградба на Коридорот 8 односно почеток на изградба во втората половина на 2009 година. Исто така почеток на изградба на некој начин на железничкиот Коридор 8 кон крајот на оваа година, кон Бугарија. Почетокот е некаде првата половина на 2010 година и кон Албанија, затоа што до сега воопшто немало никаков план, никаква физибилити студија како идејно решение, кон Албанија, така што таму почнуваме од нула и малку повеќе време ќе треба за да се направат потребните подготовки.

Точен е и фактот дека планираме во втората половина на оваа година да отпочнеме со изградба и на патот Скопје-Блаце и одредени реконструкции и проширувања на делот Тетово-Јажинце. Тој дел сега го разгледуваме и се надеваме дека и за таму ќе бидат најдени некој средства.

Да потврдам, Владата има план да изгради повеќе инфраструктурни проекти во наредните години. Споменатите што беа кажани од пратеникот се точни, има и други инфраструктурни проекти што ќе се градат, реконструкција на патишта, градба на патишта, да речеме делот од Струга до Дебар, исто така кај Бошков мост ќе има одредени реконструкции на патот, ќе има и на други делови низ Македонија, во Западна Македонија, во Источна Македонија, во повеќе делови низ земјата, повеќе инфраструктурни проекти во делот на патната инфраструктура, во делот на железничката инфраструктура, во делот на енергетиката и некој проекти што се во делот на екологијата и уште на неколку други сектори. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот односно дали сака да постави дополнително пратеничко прашање.

**Хани Тахир:** Со самиот факт што на моето прашање претседателот кажа ќе одговори писмено, ќе чекам писмен одговор. Додека објаснувањето што го даде премиерот, се совпаѓа со информациите што ги имам и се согласувам со одредените информации. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Добро, писмен одговор во однос на второто прашање.

Според редоследот за поставување пратенички прашања, прашање ќе постави госпоѓа Станка Анастасова, повелете.

**Станка Анастасова:** Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитуван премиер, почитувани министри во Владата.

Моето прво прашање е следно:

Патриотските фискални сметки сеуште се во оптек.

Прашањето го упатувам до министерот за финансии, но не го гледам.

**Трајко Вељаноски:** Замeникот е тука.

**Станка Анастасова:** Добро.

Како што кажав, патриотските фискални сметки сеуште се во оптек и покрај тоа што од страна на Уставниот суд тие беа прогласени за неуставни.

Сопствениците на фискалните апарати постојано прашуваат кој ќе ги сноси трошоците од одлуката за задолжителното враќање на старата фискална меморија бидејќи еднаш веќе платија за менување на софтверот, за воведување на патриотските фискални сметки.

Значи првото мое прашање е упатено до заменик министерот за финансии.

Второто мое прашање е упатено до премиерот.

Водата од Градскиот водовод во Свети Николе е забранета за пиење и готвење уште во почетокот на 2003 година. По налог на директорот на Републичкиот завод за здравствена заштита, причината за оваа забрана беше анализата која покажа дека во водата од градскиот водовод има присуство на канцерогени материи и трихалометани и енормно присуство на хемиски недозволени материи над максимално дозволената граница. Сите тие присутни материи во водата штетно делуваат по здравјето на луѓето. Веднаш започна да се работи, според проектот што го препорача Републичкиот завод за здравствена заштита. Новата филтер станица веќе беше во изградба, се набави озонатор и кога веќе работата беше при крај, веќе се надевавме дека водата од градскиот водовод конечно ќе

биде исправна за пиење и готвење, се случија локалните избори. Дојде до промена на власта на локално ниво. Новоизбраниот и сега актуелниот градоначалник на Свети Николе, поддржан од членовите на Советот припадници на ВМРО-ДПМНЕ, го напушти стариот проекти почна одново да работи на некакво алтернативно водоснабдување односно копање на некои нови бунари за кои беа потрошени над 1,5 милиони евра, за да се покаже дека бунарите немаат доволно капацитет за водоснабдување на градот.

Господине премиер, верувам дека сакате да помогнете за решавање на проблемот, но треба да знаете дека алтернативното водоснабдување е промашена инвестиција. Кога сечевте лента при пуштањето во функција на новите бунари, вие и целата македонска јавност бевме сведоци на демонстрирањето од страна на градоначалникот дека тоа ќе биде само туширање со кофа вода.

Бидејќи капацитетот на бунарите е многу мал, а за пиење не смееме ни да помислиме. Оттогаш постојано се соочуваме со чести рестрикции на водата од градскиот водовод, а сега веќе неколку дена воопшто ја нема. Верувајте дека е тешко да се живее во таков град, граѓаните страдаат.

Проектот Злетовица беше планиран за долгорочно решавање на проблемот со вода за пиење на градот Свети Николе, а сега со исклучувањето на стариот систем и со вклучување на новиот алтернативен, сосема е изолирана старата филтерна станица која со малку доработка ќе беше ефектуирана. Воопшто водата сега не се ни третира и со тоа проектот Злетовица е бесмислен.

Моето прашање до вас господине премиер е следново: дали Владата може да ги пренасочи 25-те милиони денари кои ги одвоивме сега од Буџетот на Република Македонија за 2009 година, за ефектуирање на старата прочистителна станица со озонаторот, бидејќи тој проект е неопходен и за реализација на проектот Злетовица, што ќе биде долготрајно решавање на проблемот со вода за пиење на градот Свети Николе. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Како што разбрав имате две прашања. Едното е упатено до министерот за финансии, а второто до претседателот на Владата на Република Македонија. Еве тука е министерот за финансии, ќе добиете одговор.

**Трајко Славески:** Ако може прво да се даде одговор на второто прашање, бидејќи јас сега сум на Комисија за буџет и финансирање, а после се враќам и ќе дадам одговор на првото прашање.

**Трајко Вељаноски:** Добро.

По однос на второто прашање одговор ќе даде претседателот на Владата на Република Македонија, господинот Никола Груевски, повелете.

**Никола Груевски:** Благодарам.

Состојбата во Свети Николе е одамна позната како лоша и како што знаете Владата префрли средства на општината за да почне изградба на нови бунари и таа почна. Дел од нив се завршија и се пуштија во употреба. Уште кога се пуштаа во употреба ние кажавме дека тоа е само дел и дека треба да се доработи, да се докопаат и другите бунари за да се добие целосниот ефект. За таа работа предвидени се средства во Буџетот за 2009 година од 25 милиони денари, како што и самите кажавте и активностите во тој дел продолжуваат.

Вие поставивте едно прашање кое е повеќе експертско, дали не е подобро тие пари да се пренасочат за некоја друга инвестиција што би донело од друго место вода. На такво прашање ќе ви одговориме писмено, бидејќи бара консултации со експерти, дали е тоа подобро или не е. Досегашните консултации што беа водени кажуваа дека овој терк сега што се гради е добар. Но бидејќи вие вака прашувате, ние уште еднаш ќе ги консултираме надлежните експерти и ќе ви одговориме по писмен пат. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот односно дали сака да постави дополнително пратеничко прашање?

**Станка Анастасова:** Му благодарам на премиерот барем во оној дел што кажа дека конечно веќе ќе се ангажира експертска група. Јас тоа и го барам. Конечно мора стручњаци да работат на овој проект, а не некој што ќе му текне, по некакви сознанија дека таму има вода и таму може да копаме бунари. Тоа се однесува за градоначалникот.

Другото што сакам да кажам, не реков јас да се пренасочат средствата за некој промашен проект или нешто што е застарено. Тој проект е по налог на Републичкиот завод за здравствена заштита. Сигурно тој е постручен отколку градоначалникот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Со оглед на тоа, јас можам да заклучам дека од Владата има согласност да се даде писмен одговор на прашањето.

**Никола Груевски:** Се разбира, реков ќе дадеме писмен одговор, но не се согласувам во делот дека досега немало експертски гледања. И досега имало, но по ваше барање уште еднаш ќе се консултираат експерти за уште еднаш да се потврди истото, или евентуално да се каже нешто друго.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

На првото прашање одговор ќе даде министерот за финансии, повелете.

**Тајко Славески:** Благодарам претседателе.

Заради промената на редоследот на прашањата, бидејќи јас учествувам во работата на Комисијата за финансирање и буџет и дојдов токму да одговорам на ова прашање.

По објавувањето на одлуката на Уставниот суд во врска со изгледот и содржината на фискалните сметки, Министерството за финансии започна со подготовка на информација која ќе се најде утре на владина седница, за што Владата треба да заземе конечен став. Во меѓувреме направени се сите консултации за спроведување на одлуката на Уставниот суд. Значи одлуката на Уставниот суд ќе биде спроведена.

Она што е посебен проблем е фактот што одлуката на Уставниот суд е повеќе слојна и комплексна. Ако сте успеале да ја видите, таму самиот претседател на Уставниот суд има издвоено мислење за едно решение во одлуката кое не беше предмет на иницијативата и кое, според сите проценки на експертите ќе предизвика значителни материјални трошоци за неговото спроведување. Тоа е решението на ознаката македонско сонце што датира уште од 2000 година. Досега никому не му сметала, не се сеќавам дека сме имале некаква реакција било во земјата или од надвор, што беше една од причините за таквото постапување на Уставниот суд. Значи Владата на Република Македонија, Министерството за финансии презема чекори кои се во интерес на граѓаните на Република Македонија. Со таква намера беше и предложената измена на изгледот и зодржината на фискалната сметка. Уставниот суд донесе одлука каква што донесе, користејќи аргументи кои веќе и се познати на јавноста.

Владата на Република Македонија или некој нејзин орган воопшто не инкасирала никакви средства. Беа направени извесни материјални трошоци, но тоа беше надомест за услуга што беше направена на овластените софтверски компании што го одржуваа софтверот. Ние сме во консултации со тие софтверски компании и неофицијално можам да кажам дека тие беа подготвени да ги направат евентуалните измени, но она што се однесува само на потребата или обврската за означување на прометот со македонски производи, да го направат без пари. Но проблемот се усложнува со фактот што бришењето на ознаката купувајте македонски производи и сонцето, што не беше предмет на оваа иницијатива, создава дополнителни трошоци. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот односно дали сака да постави дополнително пратеничко прашање.

**Станка Анастасова:** Благодарам господине министер.

Сеуште остана нејасно, дополнително кој ќе ги сноси трошоците.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Следен за поставување пратенички прашања е госпоѓа Кадриу Флора, повелете.

**Флора Кадриу:** Ви благодарам почитуван претседателе, почитувани, дозволете ми да ви се обратам на македонски,

Сите ние пратениците во Собранието на Република Македонија сме избрани од народот и сме нивни претставници. Зачи и оние пратеници кои што се претставници на албанската етничка заедница, исто така еднакво партиципираат во Парламентот на Собранието на Република Македонија.

Меѓутоа, она што ме тера да говорам во моментот македонски е фактот на жалбата, жалењето кое што нон стоп го добивам од нашите гласачи, затоа што пренесувањето на седниците од Собранието на Република Македонија секогаш се на тој начин што претставниците Албанци се преведуваат. Секоја чест за преведувачите, тоа е макотрпна работа и ние сме свесни за тоа, меѓутоа, се прават честопати грешки и токму за тоа се губи и содржината, меѓутоа и целосната теза на оние кои што говорат од говорницата на Собранието на Република Македонија.

Моето прашање во овој момент е прашање до потпретседателот на Собранието на Република Македонија, истовремено претстедател на Комисијата за собраниски канал, господинот Рафиз Алити, кога ќе можеме ние, Албанците, кои говориме од оваа говорница да можат нашите граѓани да не слушаат на нашиот мајчин јазик. Како резултат на тоа, како одговорност која што вие ја имате господа од Демократската унија за интеграција, додека не го средите тоа прашање, јас ќе говорам од оваа говорница на македонски јазик.

Потоа, второто прашање што би го поставила е прашање до вицепремиерот кој е воедно и одговорен за Секретаријатот за имплементација на Охридскиот рамковен договор и токму моето прашање се однесува за администрацијата, јавната администрација, прашање на кое што подолго време се задржа мојот почитуван колега господинот Бесим Догани, кој воедно побара имиња и презимиња на вработени албански кадри во моментов во јавната администрација.

Сите сме свесни на Извештајот, свесни на сето она, на критиките што ги имавме од Европската комисија, што се однесуваат токму кон јавната администрација што треба да биде професионална, а не партиска.

Господинот Тахир Хани исто така побара по писмен пат да му се достави што се е направено во оваа област.

Меѓутоа јас сега имам едно друго мое прашање, а тоа е прашањето до вицепремиерот, зошто покрај тоа што со отргнување на кадрите Албанци, на кои им претекува рокот на работниот однос, затоа што рековме дека се со договор на дело, зашто тие истите не се продолжуваат, туку напротив, покрај тоа што се вметнуваат и вработуваат значи заменуваат тие кадри со партиски војници, зошто се отргнуваат албански кадри во најчести случаи се вработуваат повеќе Македонци.

Другото мое прашање е прашање од областа на културата...

**Трајко Вељановски:** Мислите трето прашање.

**Флора Кадриу:** Третото прашање од обласа на културата, прашање со кое што се обраќам до почитуваната министерка за култура.

Јасно е, сите сме сведоци на сето она што се случува, сведоци на реалноста во Република Македонија деја за време на новогодишните празници, меѓутоа и после новогодишните празници имавме, би рекла реклами на сето она што се случува во областа на културата во Република Македонија. Дека тие реклами беа насочени токму, дека буџетот на Република Македонија за прв пат е 50% поголем од другите буџети и на еден начин преку малите екрани и преку печатот во различни весници и списанија, видовме, од прилика, која е програмата за 2009 година.

Дозволете ми да констатирам, затоа што тоа е нешто евидентно, дека токму проектите за албанските граѓани во Република Македонија, проектите од областа на културата се некаде до 10 пати помалку финансиски средства определени за нив.

Јасно е дека во минатата Влада, во коалицијата ВМРО ДПМНЕ и ДПА се започнаа огромен број на проекти, огромен број на објекти би рекла и институции втмелени, токму од обаста на културата. И тоа беше еден прв чекор напред за подобрување на културата на албанските граѓани во Република Македонија.

Зошто денес имаме целосна разлика? Господинот Тахир Хани претходно кажуваше за инвестиции, огромни инвестиции. Каде се инвестициите во областа на културата кога веќе знаеме дека започнати проекти, започнати проекти не само да стагнираат, туку ДУИ не враќа назад во областа на културата и ни ја враќа акултурата на албанските граѓани во Република Македонија.

Како резултат на тоа знаеме дека е токму и институтот "Пјетер Богдани", како резултат на тоа сме спомнале и за време на расправата која што ја имавме за буџетот за 2009 година. Доколку направиме компарација, споредба, разликата е огромна. Библиотеката, што е Универзитетска библиотека во Скопје, за нејзина надградба имаме 60 милиони денари одвоено во самиот буџет. Додека за Библиотеката во Тетово, за што има постигнато договор за нејзино втемелување и функционирање имаме одвоено само 4 милиони денари во самиот буџет.

Или драмската дејност. Драмската дејност, театарот во Велес, започнат театар. Секоја чест. Меѓутоа, одвоени се 45 милиони денари. А, за театарот во Тетово нула денари. Што е втемелен, што постои како институција, но нема услови за професионално функционирање. Функционира во согласност на самиот Дом за култура. А, сите знаеме какви треба да бидат условите за да се постигнат културни вредности.

Сосема се согласувам со мојот почитуван колега, господинот Васко Шутаров, кој често пати, многу често ја употребува својата теза и таа е точна господине. Дека културата не треба да претставува израз на проценти, на бројки и пропорции. Дека таа треба да претставува израз и да ја претставува единственоста на разликите, односно на вредностите. Да, ние сме различни. Различни меѓу себе. Но, живееме на едно поднебје. Треба да бидеме единствени. Но, тоа, за жал, господине Шутаров, не се случува во Република Македонија. На тоа сме сите сведоци.

Моето прашање до министерката за култура е, до кога ќе биде оваа состојба за Албанците во областа на културата? Дали е можно, односно не дали е можно, туку поднесувам барање да ни се достави Програмата за проектите за 2009 година од Министерството за култура, за да можеме да ги видиме разликите и да видиме што се случува во таа област, за сите оние предвидени проекти за 2009 година.

Над 50 вработени Албанци, токму во Министерството за култура се токму на принуден одмор. Зошто се случува тоа? Дали тие истите ќе се заменат со партиски војници или пак со кадри од македонско етничко потекло? Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Пред да преминеме на одговор на пратеничките прашања процедурално има господинот Хани Тахир, повелете.

**Тахир Хани:** Почитуван претседателе,

Претходно кога зедов збор, имавме интервенција затоа што бев многу широк во моето излагање. Но претходната дискутантка говореше на долго и широко и одржа политички говор.

Без оглед на ова, сакам да поднесам процедурална забелешка во однос на членот 37 во односно на пртеничките прашање, бидејќи таму децидно се утврдува дека пратеничкото прашање се поставува на премиерот, на Владата на членовите на Владата и на сите лица кои вршат јавни функции и кои одговараат пред Собранието.

Госпоѓата постави прашање кон потпретседателот на Парламентот, што значи дека таа нема право да постави прашање на оваа седница за тоа. Прашањата се поставуваат само до Владата и јавните функционери во Република Македонија. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Но сепак како што и вие го кажавте членот 37, тој се однесува на други носители на јавни функции кои се одговорни пред Собранието, вклучувајќи го и потпретседателот на Собранието, како што и јас, претседател на Собранието, одговарам пред Собранието.

Но, без оглед на тоа, ќе добие писмен одговор.

За првото прашање, бидејќи е до потпретседателот на Собранието, ќе добие писмен одговор.

По однос на второто прашање што е поставено исто така до господинот заменик претстедатател на Владата на Република Македонија господинот

Абдулаќи Адеми, бидејќи не е присутен тука, ќе добие писмен одговор.

Во однос на третото прашање што е поставено до Министерството за култура, ќе одговори министерката Елизабета Канческа Милевска.

Повелете, одговорете на третото прашање.

**Елизабета Канческа Милевска:** Благодарам претседателе.

Како прво, се заблагодарувам на прашањето што го постави почитуваната пратеничка. Многу ми е драго што ги отвори овие прашања во делот на културата. Но, морам со жалење да констатирам дека сите овие информации што ги кажа се неточни. Не знам од каде ги има добиено.

Ќе се потрудам да одговорам, како што запишав, на три прашања, а првото е во делот на капиталните инвестиции, второто прашање беше во делот на програмските средства и во делот на вработените лица во Министерството заз култура.

Во делот на капиталните инвестиции, Министерството за култура паралелно работи на Програмата на Владата што беше и претходно поддржана и според која Програма на Влада ги реализираме сите овие капитални инвестиции. Се што се наоѓа во Програмата на Владата во делот на културата, Министерството за култура паралелно ги работи сите овие инвестиции.

Тука ќе напомнам, бидејќи ја посочи библиотеката, со градоначалникот на Тетово имавме неколку средби. Се договоривме за самиот проект на библиотеката. Таа ќе се изгради, во кој дел ќе има и мултимедијален простор за други намени од областа на културата и на тоа паралелно се работи во делот на изработка на сите потребни проекти за добивање дозвола за градба на овој мултимедијален комплекс.

Во делот на Програмата има и други капитални инвестиции. Ќе ја спомнам Куќата на Албанската азбука што беше целосно завршена во Битола и многу - многу инвестиции што се наоѓаат во Програмата. Повторно ќе потенцирам, паралелно работиме на сите капитални инветиции што се наоѓаат во Програмата на Владата во делот на културата.

Во делот на Програмата, навистина е жалосно што слушнав вакви информации. Програмата за финансирање проекти за оваа година се уште не е објавена од страна на Министерството за култура. Ние сме веќе во завршна фаза. Стручните комисии што беа определени за сите дејности од обалста на култуата ја завршија својата работа. Така што во среда или четврток оваа недела ќе биде објавена генералната програма, националната програма од областа на културата со која што ќе се финансираат сите оние проекти што ќе влезат за 2009 година. Не може да се даваат вакви констатации кога се уште ја немате видено Програмата и не знаете за какви проекти станува збор. Таа ќе излезе во среда или четврток и ќе се запознаете со сите проекти што Министерството за култура ќе ги финансира. Тука спаѓаат сите проекти и за сите националности во Република Македонија.

Исто така, сакам да спомнам во делот на вработувањата, односно вработените, што рековте дека се на принуден одмор, според Законот за државни службеници, верувам дека го познавате доволно добро, сите вработени во Министерството за култура се државни службеници, воопшто, никому не му паднало на памет луѓето кои се државни службеници кои ги штити Законот, да ги даде на принуден одмор.

Ние треба дел од администрацијата да преселиме во други простории во Нова Македонија, каде добивме простор од страна на Владата. Правиме распределби и во делот на Управата за заштита на малцинствата на заедниците и во делот на инспекцискиот надзор, така што голем број од државните служвбеници кои работеа во Минситерството за култура и сеуште работат, побараа да земат одмор што им следува. Така што воопшто не станува збор дека луѓето се на принуден одмор. Значи, по нивно барање и согласно Законот за државни сллужбеници имаат добиено одмор. Тие функционираат во Министерството за култура, но со добивање на просторот што ќе го добиеме согласно Одлуката на Владата во Нова Македонија, дел и од овие вработени во Министерството за култура и во Управата ќе се сместат во многу добри простории, Ќе добијат многу добри услови за работа.

Минатата година се вработи голем кадар, но не е работата само да се вработи кадар од страна на Министерството за култура треба да се понудат услови за работа. Не можете вие во една канцеларија да сместите по 8 луѓе. Четворица да седат и десетмина да седат над нив.

Сега е многу битно да се обезбедат соодветни услови и тоа го правиме како Министерство за култура. Така што сите вработени во Министерството да имаат навистина соодветни услови за работа и да функционираат во рамките на Министерството и во рамките на сите дејкности. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот, односно дали сака да постави дополнително пратеничко прашање?

Има збор пратеничката Кадриу Флора, повелете.

**Флора Кадриу:** Се разбира дека не сум задоволна од одговорот.

**Трајко Вељаноски:** Јас морам да прашам дали сте задоволни.

**Флора Кадриу:** Тоа е евидентно, па јас ви одговарам почитуван претедателе.

Работата е што почитуваната министерка ни укажува на работата. Ние работиме на постојните проекти, како што е библиотеката во Тетово, Театарот во Тетово, меѓутоа не се гледаат резултатите, почитувана министерке. Работите во буџетот, имајќи ги предвид амандманите што

ги доставивме ние, како пратеничка група, ниту еден не беше прифатен. Одевме токму со минимални барања за средства заради овозможување на тие проекти да функционираат.

Така што за ваше излагање повеќе ни наликува на популаризам.

Инаку, доколку веќе се спомнуваат овие работи, тогаш дали и Националниот совет за култура што беше формиран, а немаше ниту еден претставник од албанската етничка заедница, дали и тоа беше нешто на што работите, но резултатот не се гледа?!

Сето ова не ме чуди. На крајот на краиштата не ме чуди ниту позицијата на ДУИ, што ги поддржува ваквите скандалозни проекти, како што беше спотот на Манчевски. Таму, пред се, тој требаше реално да го претстави единството на културните, на етничките вредности во Република Македонија и на секое населено место во Република Македонија. Но, за жал, немаше ниту еден симбол, немаше ниту еден знак од постоење на Албанскиот народ во Република Македонија.

Значи, не ме чудат овие работи. Но со вас ме чуди, со позицијата со ДУИ, нивната неглиженција кон сето она што се случува за Албанците во Република Македонија. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Според редоследот за поставување пратенички прашања е господинот Гинев Јован, повелете.

**Јован Гинев:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван премиер, почитувани вице премиери, почитувани министри во Владата на Република Македонија,

Најнапред, сакам да посакам успешна работа на Парламентот и Владата на Република Македонија за 2009 година, но сега сакам да се навратам на моите две пратенички прашања што ќе бидат упатени до министерот за здравство господинот Бујар Османи и едно пратеничко прашање до министерот за земјоделие господинот Ацо Спасеноски.

Значаен фактор од кој зависи квалитетот на здравствената заштита и состојбата на здравствената инфраструктура, зградите просторот, кадарот и опремата во изминатите 15-20 години во Република Македонија постојано се зборува за наталожени проблеми и тоа: дотрајаност и нефункцииналност на постојната дијагностичка апаратура, дотрајаност на медицински инструменти за тековно работење, техничка дотрајаност на системот за стерилизација, техничка дотрајаност на хируршките операциони сали, недоволен број на дијализни апарати, техничка неисправност на возниот парк и недостиг на возила за транспорт на пациентите, просторна дотрајаност на објекти во смисла на дотрајаност на подови, кровови, врати, прозори, хигиенско санитарни јазли и друг ентериер, застарен хардвер и софтвер и истиот не е можно да биде поврзан. Дополнителен проблем претставуваат и големите наследени долгови на јавните здравствени установи кои не се моментот во можност да инвестираат во капитални инвестиции кои би им донеле и видно подобрување во давање на здравствени услуги. Во програмата на Владата за 2008 година во делот на здравството се предвидуваа мерки како да се надмине оваа тешка состојба. Меѓу позначајните проекти што треба да ја подобрат сликата во здравството се и реконструкција на 41 јавна здравствена установа во износ од 45 милиони евра почеток 2008-2011 година, финиширање на набавката на современа апаратура за јавните здравствени установи јуни-септември 2008 година. Проектот електронска здравствена картичка 10 милиони евра во три фази краен рок јуни 2010 година. Инвестиција во 20-тина нови амбуланти во селски подрачја во одредени региони.

Прашањето следи: до каде е со реализација на овие проекти и зошто не се испочитувани предвидените рокови со програмата на Владата на Република Македонија. Тоа е првото мое прашање.

Второто, една од целите во програмата на Владата е и зголемувањето на достапноста на лекови за сите граѓани целосно елиминирање на ненавремени набавки на лекови во сите клиники и здравствени установи. Сведоци сме дека постојано во јавноста се појавуваат информации поврзани со лековите и тоа од проблеми со издавање на лекарски рецепт па се до недостиг на лекови како на пример за пациенти со малигни заболувања. Неодамна се појави и проблем со тоа што сите пациенти, па дури и хронично болните не можат да го најдат неопходниот лек без лекарски рецепт. Што конкретно превземате за надминување на сите овие состојби поврзани со снабдувањето со лекови на населението. Тоа беа моите две прашања до министерот за здравство.

Третото мое праШање е до министерот за земјоедлие, шумарство и водостпоанство и гласи: колку одводни канали и речни корита и во која должина се исчистени од страна на Министерството за земјоделие, шумартсво и водостопанство. И во кои општини се извршени тие активности. Колку средства се потрошени за таа намена и каде се планираат активности за 2009 година? Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

По однос на првото прашање ќе добиете одговор од министерот за здравство Бујар Османи. Повелете.

**Бујар Османи**: Благодарам претседателе.

Не само што не се почитувани роковите предвидени во Програмата на Владата, туку во одредени проекти за тоа што е постигнато ние сме и пред предвидените рокови во Програмата на Владата. Точна е констатацијата дека во последните 18 години минимално беше инвестирано во здравство, односно здравството беше запоставено посебно во делот на

инфраструктурата, односно во самите објекти каде што се врши здравствена заштита, меѓутоа и во делот на апаратурата која што е клучна за спроведување на квалитетна здратвствена заштита.

На предлог на Министерството за здравство Владата го одобри проектот за реконструкција на 80%, или на јавните здравствени установи, односно објектите на болниците и здравствените домови низ целата територија на Републиката, бидејќи прашањето беше поставено конкретно за овој проект. Иако го начнав овој проект во претходниот одговор. Значи, се работи за проект во вредност околу 45 до 50 милиони евра кои што имаат за цел градба на 8 нови болници и објекти кои што се дотраени низ целата територија на државата и реконструкција, целосна реконструкција на 35 болници, вклучувајќи ги кровови, подови, плафони, санитарни јазли, лифтови итн, со што веруваме дека на крајот на овој најголем проект во историјата на здравството во овој период на транзиција ќе добиеме нов лик на болници, болници кои што ќе одговараат на современите трендови и на потребите кои што ги имаат пациентите. Се разбира, дека таквите нови објкети нема да бидат многу значајни доколку во нив не се наоѓа најсовремена дијагностичка опрема, со цел поставување на дијагноза и лекување на пациентите според најсовремените протоколи кои што ги има во медицината базирани на докази. И заради тоа паралелно Министерството за здравство и Владата го тера проектот за набавка на современа медицинска апаратура во вредност од 40 милиони евра што е збирно повеќе од сите инвестиции што било кога се направени во здравството во однос на апаратурата. И се работи за купување на магнетна резонанца. Вие знаете дека во цела Република Македонија има само еден апарат за магнетна резонанца кој што служи на јавното здравство. И сега ќе купуваме неколку апарати најсовремени апарати за магнетна резонанца, купуваме 64 слајсни и 24 слајсни апарати за компјутер, томографија кои што се најсовремено достигнување во развојот на дијагностичката технологија кои што исто така ќе се распределуваат во сите јавни здравствени установи. Набавуваме ангеографи, веќе потпишавме договор како дел од тој проект во вредност од 10 милиони евра за набавка на ренген апаратура и тоа мобилни ренген апарати кои што ќе служат во операционите сали, со цел за поквалитетно извршување на хируршките интервенции, меѓутоа и современи ренген апарати кои што ќе се дистрибуираат во болниците, како и околу 40 нови апарати за лабораториска дијагностика со капацитет од 350 до 500 анализи на час кои што веќе се дистрибуираат во сите здравствени установи. Како дел од италијанскиот кредит пристигнуваат и веќе се во Скопје десетте нови хируршки сали. Значи, 10 болници во државата од следната недела ќе имаат сосема опремени хируршки сали, со хируршки столови, светла, со централен мониторинг, со нов апарат за анестезија. Исто така набавивме над 30 апарати за дијализа кои што сигурно веќе се дистрибуирани низ заводите кои што им служат на пациентите, на бубрежно болните и значително исто така ќе го подобрат квалитетот на услугите што им се даваат на овие пациенти, а веќе почнува и постапката за јавно приватно партнерство во делот на дијализата.

Вие спомнавте еден од најголемите проекти во здравството што ќе се одвива оваа година е проектот на интегрираниот здравствен инфорамтички систем и електронската картичка. Целта на успешен здравствен систем е да има сеопфатен пристап во превенцијата и во лекувањето на болните. Досега ние имаме фрагментирани сегменти од здравството кои што поединечно и на различно ниво даваат услуги на пациентите. Меѓутоа со веведување на овој систем ги поврзуваме сите јавни здравствени установи од сите нивоа од примарното, секундарното и терциерното во еден интегриран систем на една централна дата база и го воведуваме електронското досие со кое што пациентот со влегувањето во системот на здравствена заштита, компјутерски му се овозможува на лекарот да го види историјатот на пациентот, односно секое негово влегување во здравствениот систем. Така што тоа значително ќе ја подобри и дијагностиката, меѓутоа и третманот. Тоа е проект во вредност од над 10 милиони евра. Ние половина од тој проект реализиравме, потпишавме договор за електронската картичка. Останува во текот на наредните денови и за самиот систем и ќе почне неговата имплементација која што се разбира до крајот на 2010 година треба да биде целосно функционален.

Морам да спомнам уште еден битен проект, а тоа е отворањето на нови 17 амбуланти низ рурални средини. Владата и Министерството е посветено на елиминирањето на нееднаквостите во здравствениот систем. Верувам дека во месец февруари ќе почне и градбата на 17 амбуланти во рурални средини со што ќе имаме целокупно покривање на територијата на Република Македонија со здравствени услуги. Постојат и други бројни проекти во делот на јавното здравство за што ќе говорам во некоја наредна прилика. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Дали пратеникот е задоволен од одговорот, односно дали сака да постави дополнително пратеничко прашање?

Повелете, господине Јован Гинев.

**Јован Гинев:** Благодарам претседателе.

Му благодарам на министерот на господинот Бујар Османи за исцрпната дискусија по моето прашање. Еве, добивме сознанија за сите нови проекти, за набавување на апаратурата што ќе следат оваа година во здравството, па да очекуваме резултати.

**Бујар Османи:** Благодарам.

Значи во делот на зголемување на достапноста на лековите до сите граѓани направен е сериозен исчекор во целосно елиминирање на

ненавремените набавки на лековите во сите клиники и здравствени установи и се превземени најостри санкции на одговорните лица каде била констатирана ненавременост во набавка на потребните лекови. Исто така, воведен е системот на референтни цени со што се овозможува на пациентите избор на лек според неговата цена. И во комбинација на претходно донесениот систем на единствени цени на лекови ова многу ја зголеми достапноста на лековите на пациентите и драстично ги намали цените кај најголемиот дел од лековите и за да се избегнат можните проблеми во делот на снабденоста со одредени лекови Министерството за здравство во соработка со Фондот изработува нова попрецизна методологија за формирање на цените на лековите. А што се однесува до почитувањето на режимот на издавање на лековите согласно Законот за лекови сите лекови кои што третираат одредени заболувања и кои што можат да предизвикаат сериозни здравствени проблеми доколку се земаат без лекарски надзор и тука, за жал, во минатото се купуваа лекови чие што користење не е пожелно, доколку не е препорачано од лекар и затоа ние воведовме систем на построго евидентирање и построго давање на лекови во зависност од нивото односно од типот на дејство што тие го имаат. Презедовме и одредени мерки во регулирање на проблемите кои што отпосле се јавија поради гужвите во амбулантите бидејќи со воведување на строг режим на издавање на рецепти и овозможивме на лекарите за прв пат ги гледаат своите матични лекари кои што претходно не ги консултираа и на своја рака ги земаа лековите меѓутоа, презедовме мерки за решавање на тој проблем со воведување на хроничниот рецепт односно веќе граѓаните можат значи, лекарите можат на пациентите да им препишуваат лекови во траење од три месеци односно 90 дена што особено им помага на постарите граѓани, пензионерите кои што нема да мораат секој месец да одат до аптека и да си набават лекови. Исто така, инспекциските служби се секојдневни на терен го контролираат работењето на аптеките и почитувањето на Законот за лекови, така што ќе продложи реформата и понатаму во делот на политиката на лековите со цел да направивме пациентите да имаат поголема достапност на лекови со поквалитетни лекови со пониски цени. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот, односно дали сака да постави дополнително пратеничко прашање?

**Јован Гинев:** Задоволен сум од одговорот на министерот, сакам дополнително само кратко едно прашање. Неодамна не знам по кој пат во медиумите се појавија инфорамции дека е евидентиран недостаток на лекови за болни од малигни заболувања. Дури имаше и реакции од претставници на здруженија на пациентите. По овие информации вие ја посетивте Клиниката за онкологија каде најавивте темелна истрага. Дали ја лоциравте одговорноста за недостигот и што ќе преземете?

**Трајко Вељаноски:** Усмено или писмено да се одговори?

**Јован Гинев:** Писмено.

**Трајко Вељаноски:** Писмен одговор на дополнителното прашање.

Следно трето прашање е за министерот за земјоделие, шумарство и водостопанство. Повелете.

**Ацо Спасеноски:** Благодарам претседателе.

Му благодарам на пратеникот Гинев за прашањето околу чистењето на каналите. Она што започна како процес во 2006 година за избегнување на оние слики од поплавени подрачја и загрозени подрачја од излевање на водотеци, а процесот на чистењето на канали и покрај тоа што започна 2006 година кога за првпат се исчистија 61 километар канали во пет региони, 2007 година се исчистија 87 километри канали за чистење во 11 општини, во 2008 година врз основа на пристигнатите барања и во соработка со локалната самоуправа беа одредени приоритети каде треба да се продолжи со акцијата за чистење на каналите се со цел намалување на она што реков на почетокот последиците од елементарните непогоди или зголемување на дотокот на вода. Така во 2008 година имавме пролетна и есенска акција за чистење на каналите со тоа што во пролетниот дел од акцијата во 16 општини се исчистија вкупно 37,036 метри и тоа во општините Валандово, Осломеј, Пласница, Виница, Берово, Пехчево, Кочани, Струмица, Битола, Боговиње, Дебар, Струга, Долнени, Прилеп, Аеродром и Гази Баба како две скопски општини. Во есенскиот дел од акцијата се продолжи со приоритетно чистење на каналите во 17 нови општини и тоа во Кичево, Македонски Брод, Делчево, Македонска Каменица, Босилово, Новосело, Василево, Битола, Демир Хисар, Тетово, Прилеп, Кривогаштани и Кавадарци, Радовиш, Бутел и Ѓорче Петров како скопски општини каде што во овие 18 канали се исчистија вкупно 46.412 метри. Така што во овие три години досега се исчистени околу 230 илјади метри канална мрежа, а за што во 2008 година беа потрошени 42. 143.333,00 денари. Оваа акција за чистење на канали ќе продолжи и во текот на 2009 година каде што имаме во план чистење на дополнителни 100-тина километри канална мрежа за која се обезбедени околу 50-тина милиони денари за чистење на овие канали, со тоа што ќе се продолжи со истата пракса. Веќе е констатирано со локалната самоуправа и заедно со нив се одредени приоритетите каде ќе се чистат овие канали.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот, односно дали сака да постави дополнително пратеничко прашање?

Има збор господинот Јован Гинев.

**Јован Гинев:** Благодарам претседателе.

Наполно сум задоволен од одговорот на министерот господинот Ацо Спасеноски. Немам дополнително прашање.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Следен по редоследот за поставување пратенички прашања е господинот Имер Селмани. Не е присутен.

Следен за поставување пратенички прашања е господинот Имер Алиу. Не е присутен.

Следен за поставување пратенички прашања е господиниот Феми Јонузи. Не е присутен.

Следен за поставување пратенички прашања е госпоѓа Соња Мираковска. Не е присутна.

И последен за поставување пратенички прашања е госпоѓа Весела Честоева.

**Весела Честоева:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани министри, почитуван премиер.

Јас ќе поставам три прашања. Првите две прашања се до Министерството за труд и социјална политика.

Познато е дека се подготвува нов закон за социјална заштита. Што превзема Министерството за труд и социјална политика за целосна и ефикасна имплементација на овој закон, односно како планирате да се подобри адмнинистративниот дел на различните видови социјални бенефиции преку центрите за социјална работа? И дали размислувате за подобрување на таргетирањето на помошта, со што треба да се обезбеди социјалната помош да стигнува до најзагрозените категории на населението односно до оние на кои им е најпотребно? Тое е моето прво прашање до министерот за труд и социјална политика.

Второто прашање исто така, го поставувам до министерот за труд и социјална политика. Прашањето гласи, што е направено и што во иднина ќе се превзема на планот на заштитата на децата, имајќи го во вид Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2008 година во делот на правата на децата.

И третото прашање ќе го поставам до Министерството за животна средина, значи до министерот за животна средина. До каде е проектот со изградбата на бунарите за хидросистемот Дојранско езеро? Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

По однос на првото прашање одговор од министерот за труд и социјална политика. Повелете.

**Џелал Бајрами:** Благодарам на поставеното прашање.

Со оглед на тоа дека предметниот Закон, Законот за социјална заштита е сеуште во владина постапка и сеуште не е поминат низ сите процедури значи, во Владата, во Собранието истиот да се донесе. Сега засега би се воздржал од прашања, односно по можност би дал писмен одговор во врска со првото прашање од тие причини што ги наведов дека законот сеуште на владина постапка, сеуште не е поминат на владина постапка, отпосле ќе треба да помине во собраниска процедура. И од тие причини би предложил на поставеното прашање да дадам писмен одговор.

Исто и за второто, бидејки второто прашање се однесува со донесување на Законот за заштита на децата, кој Закон помина на владина постапка, се очекува и во собраниска постапка да помине. Од тие причини би побарал да дадам писмен одговор и на второто прашање.

**Трајко Вељаноски:** Значи, во однос на првото и второто прашање ќе добиете писмен одговор, па потоа ќе се произнесете по одговорот.

Дали сте задоволни во однос на одговорот на третото прашање кое што е упатено до министерот за животна средина и просторно планирање?

Повелете министре.

**Неџати Јакупи:** Благодарам претседателе. Благодарам на прашањето поставено од пратеничката. Владата во последните месеци во неколку наврати дискутираше за проблемот со нивото на Дојранското езеро и после низа експертски извештаи дојдовме до заклучок дека Владата во наредните години, наредните две буџетски години ќе оддели средства за изградба на 10 нови бунари за зајакнување на водоснабдувањето и подигнување на нивото, на водното ниво на Дојранско езеро. Значи, 10 бунари ќе се изградат за кои е задолжено Министерството за животна средина и просторно планирање. Ние веќе имаме објавено тендер за испитување, односно ќе се извршат потребните истражни и градежни работи, истражни работи за изнаоѓање на изворите. И веќе таа постапка тече. Мислам дека тие ќе се изведат до јуни месец и после тоа веќе ќе се настапи кон набавката, изградбата ии поставувањето на бунарите, со што значително ќе се подобри состојбата на нивото, на водното ниво на Дојранското езеро. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Дали пратеничката е задоволна од одговорот, или сака да псотави дополнително пратеничко прашање. Повелете.

**Весела Честоева:** Благодарам претседателе. Да, задоволна сум од одговорот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Ја заклучувам 40-тата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 16,50 часот).